


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2020

Царинска управа на Република Северна Македонија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО 2020 ГОДИНА

Јануари 2021

# СОДРЖИНА

I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА . . . 5
I.1. Царинска регулатива . . . 5
I.2. Акцизи . . . 7
I.3. Заштита на права од интелектуална сопственост . . . 9
I.4. Друга регулатива која има влијание врз царинското работење . . . 10
I.5 Административни и технички работи . . . 10
II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА . . . 12
II.1. Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите . . . 12
II.1.1. Царина 2020 – Програма на Европската комисија . . . 12
II.1.2. Проекти . . . 13
III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА . . . 18
III.1. Вработување . . . 18
III.2. Обуки и стручно оспособување . . . 18
III.3. Интегритет . . . 20
III.4. Внатрешна ревизија . . . 22
III.5. Наградување и унапредување . . . 22
IV. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА . . . 24
IV.1. ИКТ инфраструктура . . . 24
IV.2. Интерни акти за поддршка на работењето . . . 25
IV.3. Поддршка на корисниците на ИКТ системите . . . 26
V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ . . . 28
V.1. Услови за спроведување на царинските формалности . . . 28
V.2. Е-Царина . . . 28
V.2.1. Нов софтвер за обработка на царински декларации . . . 28
V.2.2. Интегрирана тарифна околина (ИТО) . . . 29
V.2.3. Заеднички транзитен систем на ЕУ и ЕФТА земјите . . . 29
V.3. Обем на извршени работи . . . 30
V.3.1. EXIM . . . 30
V.3.2. NCTS . . . 30
V.3.3. NSW . . . 30
V.3.4. Царински и акцизни одобренија и лиценци . . . 31
V.4. Наплатени приходи . . . 33
V.4.1. Царина . . . 34
V.4.2. ДДВ . . . 35
V.4.3. Акцизи . . . 35
V.4.4. Надоместоци . . . 36
VI. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ . . . 37
VI.1. Основи . . . 37
VI.2. Управување со ризици . . . 37

VI.3. Царинска и друга контрола . . . . . 38
VI.3.1. Царинска контрола на влез, излез, транзит и во внатрешноста . . . . . 38
VI.3.2. Контрола при царинење на стока . . . . . 44
VI.3.3. Пријавени девизи . . . . . 45
VI.3.4. Царинска лабораторија . . . . . 45
VI.3.5. Резултати од постцаринска контрола . . . . . 46
VI.3.6. Преземени правни мерки за откриените неправилности . . . . . 46
VI.3.7. Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки . . . . . 47
VI.3.8. Кривични пријави . . . . . 47
VI.3.9. Царински, девизни и акцизни прекршоци . . . . . 47
VI.4. Учество во меѓународни активности . . . . . 48
VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА . . . . . 51
VII.1. Односи со јавноста . . . . . 51
VII.1.1. Позначајни настани . . . . . 51
VII.1.2. Меѓународна соработка . . . . . 52
VII.1.3. Царинска соработка . . . . . 67
VII.1.4. Меѓуинституционална соработка . . . . . 73
VII.1.5. Соработка со бизнис заедницата . . . . . 79
VII.1.6. Општествена одговорност . . . . . 85
VII.2. Отворена царинска телефонска линија (197) . . . . . 85

# I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

## I.1. Царинска регулатива

Во 2020 година донесени се следните акти и регулативи во врска со царинското работење:

- Објавена е **Одлука за укинување на увозната давачка – царинската стапка за потрошен медицински материјал** („Сл. весник на РСМ“ бр. 76 од 24.03.2020 година) донесена од Владата на Република Северна Македонија која се применуваше заклучно со завршување на траење на вонредната состојба.
- Објавена е **Одлука за дополнување на одлуката за укинување на увозната давачка – царинската стапка за потрошен медицински материјал** („Сл. весник на РСМ“ бр. 80 од 27.03.2020 година) донесена од Владата на Република Северна Македонија и се применуваше заклучно со завршување на траење на вонредната состојба.
- Објавена е **Одлука за укинување на увозната давачка – царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени** („Сл. весник на РСМ“ бр. 79 од 09.04.2020 година). За тарифните ознаки опфатени со Одлуката за царинската стапка треба ќе изнесува 0% доколку се исполенти условите и приложени документите и доказите кон цариската декларација кои се предвидени со одлуката.
- Објавена е **Одлука за изменување на Одлуката за укинување на увозната давачка – царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени** („Сл. весник на РСМ“ бр. 125 од 15.05.2020 година) со која се продолжува рокот важење на истата заклучно со 31.10.2020 година.
- Објавена е **Одлука за укинување на увозната давачка – царинската стапка при увоз на живо јагне** („Сл. весник на РСМ“ бр. 156 од 12.06.2020 година). За остварување на ова право од Одлуката, кон царинската декларација за увоз задолжително треба да се поднесе Решение за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, издадено од Агенција за храна и ветеринарство. Одлуката ќе се применува од 12.06.2020 година и ќе трае заклучно со 31.12.2020 година.
- Објавена е **Одлука за намалување на увозната давачка – царинската стапка при увоз на патенти за авто навлаки** („Сл. весник на РСМ“ бр. 157 од 13.06.2020 година). Со оваа одлука се пропишува мерка за намалување на увозната давачка – царинската стапка за патенти за автонавлаки распоредена во тарифната ознака 9607 19 00 00. Одлуката е со важност до 31.10.2020 година.
- Објавена е **Одлука за престанување на важење на Одлуката за укинување на увозната давачка – царинската стапка за живо јагне** („Сл. весник на РСМ“ бр. 166 од 20.06.2020 година). Одлуката влегува во сила на 21.06.2020 година.

- Објавена е **Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија** („Сл.весник на РСМ" бр. 222 од 17.09.2020 година). Со Уредбата усвоени се регулативите на ЕУ донесени во период од 2001 година заклучно со март 2020 година, односно претходно објавени и донесени заклучно со декември 2019 година и двете нови регулативи на ЕУ од период јануари-март 2020 година, објавени во „Службен весник на Европската унија". Распоредувањето на наведените стоки се совпаѓа со распоредувањето на таква и слична стока увезена во Република Северна Македонија и не предизвикува измени во примената на Царинската тарифа. Со донесувањето на Уредбата Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија.
- Објавена е **Одлука за изменување и дополнување на одлуката за усогласување и менување на царинската тарифа за 2020 година** („Сл. весник на РСМ" бр. 238 од 02.10.2020 година). Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2020 година, (објавена во „Сл. весник на РСМ", бр. 253 од 2019 година), со цел усогласување со Комбинираната номенклатура на ЕУ, објавена во Службен весник на ЕУ бр. 280, серија Л, од 31.10.2019 година. Во однос на постоечката Одлука за царинска тарифа за 2020 година, измената се прави во Номенклатурата на Царинската тарифа каде се воведува нова тарифна ознака, а две постоечки тарифни ознаки се гаснат.
- Објавени се **Листи на стоки кои се увезуваат во рамки на тарифни квоти со намалени или укинати царински давачки** („Сл. весник на РСМ" бр. 289/2020 година) и кои ќе се применуваат од 01.01.2021 година. Објавените листи се однесуваат за увоз во рамки на квоти на стоки со потекло од Европската унија, Турција, Украина, Швајцарска конфедерација, Норвешка, како и земјите членки на СТО. Распределбата на тарифните квоти се одвива по принципот „прв дојден,прв корисник" преку информацискиот систем ИТО[1].
- Објавени се **Листите на стоки со потекло од Обединетото Кралство согласно новата Спогодба за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија** („Сл. весник на РСМ бр. 312/2020 година) кои се увезуваат во рамки на тарифни квоти со намалени или укинати царински давачки и кои ќе се применуваат од 01.01.2021 година. И за овие стоки распределбата на тарифните квоти се одвива по принципот „прв дојден,прв корисник" преку информацискиот систем ИТО.
- Објавена е **Одлука за предвремена примена на Спогодба за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија** („Сл. весник на РСМ" бр. 301/2020 година) со која се

[1] ИТО – Интегирана тарифна околина

овозможува примена на преференцијален третман за стоките со потекло во трговските односи помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија.

- Објавена е **Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година** („Сл. весник на РСМ“ бр. 313/2020 од 29.12.2020 година. Во Одлуката за изменувањето и дополнувањето на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година се внесени измените од регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 2159 од 16.12.2020 година, а се однесуваат на нови тарифни подброеви за вакцини против коронавируси поврзани со SARS (SARS CoV видови) и маски за лице со филтер (FFP) согласно стандард EN149 и други заштитни маски со други слични стандарди.
- Објавена е **Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија** („Сл. весник на РСМ бр. 281/2020 од 26.11.2020 година), која претставува прво дополнување на основната Уредба за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (објавена во „Сл. весник на РСМ“ бр. 222 од 17 септември 2020 година). Со Уредбата се усвоени 11 регулативи на ЕУ донесени во периодот од април до јуни 2020 година.

## I.2. Акцизи

Во **2020 година** донесени се 4 Уредби со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба:

- Со **Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба** („Сл. весник на РСМ“ бр. 86/2020) се одложи обврската за доставување гаранција на приватните здравствени установи, аптеките и производителите на лекови, помошни лековити средства и средства за дезинфекција кои се иматели на одобрение за повластен корисник, односно истите треба да поднесат гаранција за обезбедување на плаќање на акцизниот долг кој може да настане за акцизните добра кои се наоѓаат во постапка на акцизно одложување, заклучно со 30 јуни 2020 година.
- Со **Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба** („Сл. весник на РСМ“ бр. 105/2020) која стапи на сила веднаш, се направени измени во делот утврдување нови износи на акциза за одделни енергенти – нафтени деривати, начинот на пресметка на износот на акциза, како и за рокот за попис на затечени залихи на енергенти, подготовка на записник и поднесување на записникот до надлежниот царински орган за роковите поврзани со плаќањето на разликата на акцизата при зголемување на акцизата на енергентите. Со уредбата се пропишани нови износи на акцизата. Со новата Уредбата е пропишан начин на следење и соодветно прилагодување на акцизите за безоловниот бензин „Еуросупер БС 95“ и „Еуросупер БС

98" и на гасното масло како погонско гориво „Еуродизел БС (D-E-V)" во услови на големи разлики на цената на нафтените деривати на светскиот пазар.

- Со **Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба** („Сл. весник на РСМ" бр. 125/2020), рокот за поднесување на гаранција за обезбедување на плаќање на акцизниот долг кој може да настане за акцизните добра кои се наоѓаат во постапка на акцизно одложување за приватните здравствени установи, аптеките и производителите на лекови, помошни лековити средства и средства за дезинфекција кои се иматели на одобрение за повластен корисник се продолжува заклучно со 31 декември 2020 година.
- Со **Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба** („Сл. весник на РСМ" бр. 169/2020), се определени нови износи на акциза за обележано гасно масло како гориво за греење, начинот на пресметка на износот на акциза, како и начинот на враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење, како и продолжување на рокот за поднесување на барањата за враќање на платената акциза од страна на дипломатските и конзуларните претставништва и меѓународните организации, кој се продолжува до 30 ноември 2020 година, за набавените добра во 2019 година.

Во 2020 година донесено е 1 упатство и објавени се насоки за работење во СОЦДАД во делот Управување со одобрение и Акцизи:

- Упатство за гаранции за обезбедување на акцизен долг;
- Насоки за пополнување барање за издавање акцизна дозвола во МЕОС – СОЦДАД;
- Насока за пополнување барање за издавање одобрение за повластен корисник во МЕОС – СОЦДАД;
- Насоки за употреба на гаранција за обезбедување на акцизата;
- Насоки за потврдување на прием на етил алкохол од повластени корисници во СОЦДАД;
- Насоки за постапување при набавка на етил алкохол или енергенти за повластен корисник во СОЦДАД;
- Насоки за пополнување на декларацијата за внесување на акцизен производ (месечен извештај) од страна на повластени корисници на акцизни добра во СОЦДАД;
- Соопштение за пререгистрација на мали дестилерии;
- Насоки за пополнување на е-АД во модулот за акцизи во СОЦДАД;
- Насоки за постапување при примена на резервна постапка во Системот за движење и контрола на акцизни добра (EMCS) со обрасци за резервна постапка;
- Насоката за постапување со акцизни декларации за пуштање во слободен промет без ослободување (нафтени деривати и пиво);
- Насоки за враќање на платена акциза за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации;

- Насоки за поднесување на барање за поврат на акциза за течен нафтен гас кој се користи во процес на производство;
- Насоки за поднесување барање за подигање на акцизни марки за меѓупроизводи и жестоки алкохолни пијалаци и тутунски производи преку СОЦДАД порталот;
- Насоки за поднесување декларации од акцизен склад во СОЦДАД;
- Насока за пополнување на Декларација за плаќање тип 11 во СОЦДАД;
- Информација за малите пиварници;
- Насока за поднесување дневни декларации за производство во соцдад од мали независни пиварници;
- Насока за поднесување месечни извештаи во СОЦДАД од мали независни пиварници;
- Насока за поднесување годишен извештај во СОЦДАД од мали независни пиварници;
- Насока за поднесување барање за поврат на акциза во СОЦДАД од мали независни пиварници;
- Насока за поднесување декларација за плаќање акциза тип 8 во СОЦДАД од мали независни пиварници;
- Насока за поднесување извештај за акцизни марки;
- Насока за увоз и постапување со нафтен кокс при складирање или повластено користење;
- Насока за увоз и постапување со етил алкохол за повластено користење;
- Насоки за враќање на платена акциза за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации;
- Насока за поднесување на декларации за поврат на акциза за гасно масло-екстра лесно;
- Насока за поднесување барање за регистрирање на барател за поврат на акциза за екстра лесно гориво употребено во процес на производство;
- Насока за поднесување барање за регистрирање на барател за поврат на акциза за екстра лесно гориво за греење во домаќинство;
- Проверка на статус на барање во МЕОС;
- Измена или откажување на барање во МЕОС и
- Известување за начин на враќање акциза за обележано гасно масло како гориво за греење.

## I.3. Заштита на права од интелектуална сопственост

Еден од главните приоритети на Царинската управа е унапредување на институционалниот и административниот капацитет за ефикасна и ефективна борба против фалсификатите и пиратеријата, преку воведување на зајакнати мерки на царинска контрола за откривање и спречување на увоз, транзит и извоз на стоки што го повредуваат правото од интелектуална сопственост, како и зголемена соработка со носителите на ова право и нивните застапници во Република Северна Македонија, од една страна, како и со сите

надлежни институции во земјата и странство, од друга. Царинската управа презема бројни активности во борбата против фалсификувањето и пиратеријата и ќе продолжи со оваа борба во насока на заштита на животот, здравјето и безбедноста на граѓаните, економијата и буџетот на државата и општеството во целина.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Daniel Wellington, Viacom, Jaguar, Johnnie Walker, Philips, BisOil, Swatch, Richard Mille, GT-5, Calvin Klein, MGM, Casio, Royal Oak, Louis Vuitton, Dormeo, Dior, Nokia, Fred Perry, Panasonic, La Roche Posay, Stone Island, Jaffa Champion, Viagra, Puma, Levis, Dsquared 2, Porsche, Habanos, Manchester, Novartis, Sahara, Рудничка пумпа, Облога за руднички пумпи, Dacia, Gopro, Hero, Sony, Pfizer, SF, Penti, Red Star, Viva, Viva Fresh, Viva Fruity, Peugeot,Citroen, B52, Bavaria Malt Bier, Hollandia, Lander Brau, Renault, Manchester United, Read Bird, Yellow Birds Blue Bird, White Bird, Black Bird, Gren Bird, Angry Bird, Mighty Eagle, Helmet Pig, Moustache Pig & Green Pig, Crystals from Swarovski, Hermes, Superdry, South Park-Volgano, South Park-Cartman Sukcks, South Park-Cartman Find Love, Mcm, Komak-M, O'neill, Schauma, Red Bull, Skoda, Toshiba, Tac, Smirnoff, Captain Morgan, Salvatore Ferragamo, Grand...**

## I.4. Друга регулатива која има влијание врз царинското работење

Во 2020 година не се донесени други акти и регулативи кои имаат влијание врз царинското работење.

## I.5 Административни и технички работи

Во 2020 година се донесени следните нови уредби, упатства и процедури:

- **Корисничко упатство за работа со Модулот за евиденција на основни средства (второ издание)** кој овозможува:
  - евидентирање на набавени, донирани и вишок на основни средства;
  - задолжување на вработен со основно средство и евидентирање на локација и организациона единица во која се наоѓа основното средство;
  - евидентирање на преносот (движењето) на основното средство од еден на друг вработен или од една во друга просторија;
  - евидентирање на кусоци, расходувани, отуѓени и уништени основни средства во Царинската управа и
  - извештаи за евиденција на основни средства.
- **Упатство за користење на службени мобилни телефони во Царинската управа (второ издание)**, со што се уредува начинот на набавка, користење, задолжување и раздолжување на службени мобилни телефонски апарати и СИМ картички, како и ограничување на износот на сметката.

- **Процедура за набавки со проценета вредност без ДДВ за кои се применува Законот за јавни набавки (прво издание)**, и тоа:
    - за набавка на стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение со проценета вредност еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ;
    - за набавка на работи со процената вредност еднаква или поголема од 5.000 евра во денарска противвредност без ДДВ или
    - за набавка на посебни услуги со процената вредност еднаква или поголема од 10.000 евра во денарска противвредност без ДДВ.

  Со Процедуратата, согласно чл. 40 од Законот за јавни набавки се регулира целокупниот процес на јавна набавка, со цел да се овозможи почитување на законските одредби од областа на јавните набавки, како и навремено и квалитетно снабдување на Царинската управа со потребните стоки, услуги и работи за непречено остварување на своите законски надлежности.

- **Упатство за евидентирање и движење на основни средства во Царинската управа (прво издание)**, со кое се уредува начинот на набавка, задолжување, раздолжување и евидентирање на основните средства на Царинска управа, како и начинот на движење на основните средства во текот на нивната употреба се до престанување на потребата од нивно натамошно користење и ставање вон употреба.

# II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

И во 2020 година посебно место во агендата на Царинската управа имаат активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Северна Македонија, исполнување на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавната свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија.

## II.1. Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите

### II.1.1. Царина 2020 – Програма на Европската комисија

Во рамки на Програмата на Заедницата „Царина 2020" во 2020 година се одржаа бројни активности кои на почетокот од годината се реализираа со физичко присуство, а почнувајќи од март 2020 продолжија „on-line":

- **Состанок на експерти за USS[2] AES[3] и USS NCTS[4]**, со цел следење на сите промени во спецификациите и прилагодување на апликацијата кон истите;
- **Состанок за размена на искуства во делот на царинските прекршоци,** со цел на ревидирање на постојната законска регулатива од аспект на примена на концептот на пропорционалност;
- **Состанок на групата за подршка на обуките за Царина и Даноци**, со цел следење на реализацијата и подршка на планирањето на заеднички договорените иницијативи;
- **Состанок на проектна група за ИТ технологии и инфраструктура**, со цел да разгледување и дискутирање на темите: UUM&DS[5]; Објавување на верзија 2.0 и 2x – Статус на проектот и Патокази; CCN[6] – статус на проктот и планови, идни изданија и операции; Операции на CCN2;
- 62-ри **Состанок на групата за координација на електронска царина заедно со Тгровската група,** со цел запознавање со електронските системи кои се развиваат во ЕУ;
- **Состанок на групата за управување со обуки (TSG-Training Steering)**, со цел разгледување на новите стратегии за поддршка на обуките во делот на е-учење;
- **Состанок на експертска група на PARCS** со цел координација на активностите за заштита на здравјето, културното наследство и животната средина;

[2] UCC – Union Customs Code (Заеднички царински закон)
[3] AES – Automated Export System (Автоматски систем за извоз)
[4] NCTS – New Computerised Transit System (Нов компјутеризиран транзитен систем)
[5] UUM&DS – Uniform User Management and Digital Signatures Project (Проект за унифицирано управување со корисници и Дигитални потписи)
[6] CCN – Common Comunication Network (Заедничка комуникациска мрежа)

- **63-ти Состанок на групата за координација на електронска царина заедно со Трговската група;**
- **67-ми Состанок на групата за координација на електронска царина заедно со Трговската група;**
- **Состаноци за национални координатори на Програмата;**
- **Обука за контрола/преглед на автобуси;**
- **Состанок на проектната група на UCC[7] NCTS-P5** - од спецификации до операции и
- **Состанок на работна група за ефикасност на Царинската унија „Мерење на е-трговија"**

### II.1.2. Проекти

Подобрување на работењето на Царинската управа се спроведува во континуитет преку тековните и планираните проекти.

- Во 2020 година започна новиот твининг проект финансиран од ИПА 2 **„Подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи"**[8], кој ќе се спроведува преку 4 компоненти во траење од 36 месеци и за кој се наменети средства во износ од 3,5 милиони евра, а се однесува на Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската управа. Изработен е Работен план за спроведување на активностите со цел понатамошна имплементација на проктот. Согласно мерките за безбедност на Министерството за здравство, реализацијата на предвидените активности со проектот се одвиваше „on-line". Досега се реализирани вкупно 6 работилници по активности на различни теми:
    - Подготовка на законски и подзаконски акти за управување со отпад;
    - Подготовка на техничка спецификација за ИТ системи (NCTS – Фаза 5);
    - Усогласување со законодавство на ЕУ – акцизни давачки со акцент на тутунски производи;
    - Усогласување со законодавство на ЕУ – Данок на додадена вредност (ДДВ);
    - Усогласување на Царинскиот закон со Царински закон на Унијата (UCC); и
    - Усогласување на ИТ системите со законодовството на ЕУ, царинење на поштенски пратки;
    - Модели за деловни процеси;
    - Подготовка на национални технички спецификации на ЕУ – задолжителните ИТ системи;
    - Ажурирање на Стратегијата за развој на ИКТ (2021-2025) и АП за реализација на проектите МАСП, вклучувајќи план за потребните финансиски и други средства;

[7] UCC – Union Customs Code
[8] Improving Revenue Collection and Tax and Customs Policy

- Најдобрите практики во областа на: персонален данок на доход, данок на добивка, данок на додадена вредност, акцизи, оданочување на моторни возила, данок на имот;
- Подготовка на извештаи за тековната нормативна рамка на гаранции за царински долг и отпис на ненаплатени побарувања.

На овие обуки учество земаа учесници од Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Царинската управа, односно на горенаведените обуки учествуваа 85 вработени од Царинската управа.

- Во март 2020 година се објави тендер за набавка на опрема во рамки на проектот **„Подобрување на квалитетот на царинските контроли и борба против измами и недозволена трговија со стока“**[9], кој е дел од Програмата за управување со јавните финансии, во рамки на ИПА2. Потпишани се договори за набавка на мобилен скенер за товарни возила и возила за превоз на царински кучиња.
- Во јули 2020 година се објави тендер во рамки на проектот **„Обезбедување на континуитет на деловните процеси во Царинската управа и зачувување на податоците преку консолидација на ИКТ системите и воспоставување на заеднички Податочен центар во случај на криза и природни непогоди („Disaster Recovery Centre“)“**, кој е дел од Програмата за управување со јавните финансии, во рамки на ИПА2.
- Во април 2020 година е одобрена апликација за грант преку **USAID – Regional Economic Development, Governance and Enterprise Growth (EDGE) Project** во вредност од 100 илјади американски долари. Проектот ќе опфати набавка на опрема за контроли за граничен премин Ќафасан-Кафтане, стручен консултант, обуки и студиски посети за вработени од македонската и албанската царинска управа. Во септември 2020 година е потпишан официјален договор и активностите се реализираат континуирано со предвидената динамика. Изработена е на техничка спецификација и анализа на пазарот за првата активност – Набавка на опрема за граничниот премин Ќафасан. Формиран е проектниот тим за реализација. Проектот се очекува да заврши до крајот на 2021 година.
- Владата на Јужна Кореја со грант средства од 700 илади евра **(2020 Customs Modernization Consulting Project for North Macedonia)** ќе го поддржи градењето на капацитетите на македонската Царинска управа, особено во делот на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови, како и анализа на ризик во е-трговија. Целта на овој проект беше да се зајакнат капацитетите на Царинската управа преку нејзина модернизација. Со тоа се зголеми продуктивноста на целокупната царинска администрација, а со тоа и на нашата земја. Компјутеризацијата и олеснувањето на царинските постапки овозможија подобрување на услугите кои земјата им ги нуди на економските оператори и ќе ја зголеми националната безбедност преку подобра

[9] Increasing quality of customs controls in fighting fraud and illegal trafficking of goods

контрола на меѓународното движење на стока и патници. Во јуни 2020 година беше организиран состанок за отпочнување на проектот (kick off meeting). Со размена на искуството на Царинската управа на Јужна Кореја во овој домен ќе се придонесе за воспоставување на баланс помеѓу олеснета и забрзана испорака на пратките, но во исто време и зголемена наплата на буџетските приходи од овој вид на трговија. Преку проектот се спроведоа низа работилници, студиски посети и разговори за подобро разбирање на царинските постапки во Јужна Кореја и во Република Северна Македонија, со цел да се предложат најдобри решенија за подобрување и модернизација на царинското работење. Претставниците од царината на Јужна Кореја на состанокот изразија желба и за идна соработка и поддршка на Царинската управа со предлог за нови проекти финансирани од нивна страна.

- Во 2020 година започна **проект поддржан од Светска банка**, со кој ќе се обезбеди развој на нов подобрен едношалтерски систем (ЕКСИМ) и инфраструктурно подобрување на гранични премини. Во март 2020 година се одржа видеоконференција на која се дискутираше за следните чекори во врска со имплементацијата на проектот. Царинската управа изработи Проектни програми за двата гранични премини во кои беа презентирани потребите како краен корисник во функција на подобрување на условите за работа. Претставници на проектната единица и Царинската управа извршија посета на граничните премини. Во јануари 2021 година започна постапката за набавка на систем за видео надзор и ANPR.
- Проектот за **„Развој на гранична инфраструктура помеѓу Република Северна Македонија и РепубликаГрција“ („Преминување граници“– „We Cross Borders“)** кој се реализира во рамките на Програмата ИПА за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020, каде Царинската управа учествува во соработка со Министерството за внатрешни работи како ко-партнер во Проектот, а се реализираат проектни активности кои ќе ги подобрат патните гранични премини кон Република Грција – Богородица и Дојран. Овој проект опфаќа поставување на сообраќајна светлосна сигнализација на граничните премини Богородица и Дојран и набавка на колска вага за мерење на ТМВ на излез од државата, нова дигалка за моторни возила во гаражата за детални прегледи на ПМВ и опрема за детектирање на скриена стока. Проектот е во фаза на реализација, согласно новоутврдената динамика и пролонгираните рокови во услови на Ковид-19 кризата.
- Царинската управа активно учествува во Програмата на Унијата – **Царина 2020**. Во март 2020 година се потпиша новиот Грант договор за 2020 година, за фискалната 2020 година (1 април 2020 година-31 март 2021 година). Програмата се имплементира континуирано преку учество на видео-конференциски состаноци.

Планирани проекти се:

- **ЕУ за олеснување на трговијата (EU for Trade Facilitation)** (ИПА 3):
    - **Имплементација на ИТ системот НКТС фаза 5** – Надградба на Новиот компјутеризииран транзитен систем со цел исолнување на условите за

поврзување на транзитната постапка со ЕУ. За овој проект е изработена техничка спецификација која е поднесена на одобрување до Делегацијата на ЕУ во Скопје. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година;

  - **Имплементација на ИТ системот EORI**[10] **и IAM** – Имплементација на системи за олеснување на работата на економските оператори и поедноставување на пристапот – системи согласно MASP[11] на ЕУ. За овој проект изработката на техничката спецификација е во финална фаза, по што ќе биде поднесена на одобрување до Делегацијата на ЕУ во Скопје. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година;
  - **Изградба и реконструкција на ГП Делчево** – Реконструкција на постоечки објекти и изградба на нови на граничниот премин Делчево, и проширување на преминот со нови ленти – модернизација на преминот по европски стандарди. Во фаза на изработка на идеен проект. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година

- **ЕУ во поддршка во борбата против организираниот криминал (EU in Support of the Fight Against Organised Crime) (ИПА 3)**:
  - **Имплементација на ИТ систем за Секторот за контрола истраги** – систем за евиденција и следење на активностите за контрола и истраги, со цел подобрување на резултатите во борбата против организираниот криминал. За овој проект изработката на техничката спецификација е во тек, по што ќе биде поднесена на одобрување до Делегацијата на ЕУ во Скопје. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година.
  - **Набавка на опрема за контрола и истраги** – Во рамките на оваа набавка е планирано да се набаваат детектори за дрога и уреди за форензичко истражување – со цел подобрување на резултатите во борбата против организираниот криминал. Во тек е изработка на техничката спецификација, по што ќе биде поднесена на одобрување до Делегацијата на ЕУ во Скопје. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година.
- **Изградба на Граничен премин „Маркова Нога“** на границата со Република Грција. Овој проект се однесува на целосна изградба на нов граничен премин во регионот Преспа, согласно потпишаната спогодба со Република Грција. Од страна на Царинската управа во тек е подготовка за изработка на идеен проект, што се очекува да се изработи по добивање на согласност од страна на Комисијата за формирање на нови гранични премини именувана од Владата на РСМ (предводена од МНР), и по координација со надлежните институции од грчка страна. Проектот треба да започне со реализација на крајот на 2021 година и да заврши во 2023 година, но започнувањето со реализација е

[10] EORI - Economic Operators Registration and Identification number
[11] MASP - Multi-Annual Strategic Plan

во директна поврзаност со одлука на Комисијата за формирање на нови гранични премини.

# III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Царинската управа и во текот на 2020 година континуирано инвестира во унапредување и развој на менаџментот со човечки ресурси, сметајќи ги човечките ресурси за движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ и унапредување на ефикасноста на работата на институцијата.

На крајот на декември 2020 година во Царинската управа се **вработени 1.167 лица**. Од вкупниот број вработени 2 лица се со статус на **функционери (директор и заменик директор)**, 1.078 лица се со статус на **царински службеници** согласно Законот за Царинската управа и 87 лица се со статус на **работници** согласно Законот за работни односи.

Во однос на стручната подготовка, 3 вработени се доктори на науки, 57 вработени се магистри, 665 се со високо образование, 12 се со вишо образование, 411 се со средно образование и 19 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 56,98% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

Во 2020 година донесени се следните акти и регулативи во врска со управување со човечките ресурси:

- **Процедура за спроведување на дисциплински постапки** (трето издание);
- **Колективен договор на царинска управа** (од 12.06.2020 година);
- **Стратегија за управување со човечки ресурси во Царинска управа 2020-2022 година со Акционен план 2020-2022 година**;
- **Правила за ред и дисциплина;**
- **Кодекс на однесување на царинските службеници** и
- **Правилник за службени легитимации.**

## III.1. Вработување

Во 2020 година има 118 нови вработувања во Царинската управа врз основа на спроведен јавен оглас со договор за **вработување на определено време** до 31.12.2020 година.

## III.2. Обуки и стручно оспособување

Во 2020 година, беа спроведени 104 **активности за стручно оспособување на царинските службеници** со вкупно 1.189 учесници. Во просек секој учесник има следено обука во траење од околу 7,19 часа (7 часа и 12 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, споредени со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување со просечно времетраење од 7,30 часа (7 часа и 20 минути).

Во 2019 година, беа спроведени 327 активности за стручно оспособување на царинските службеници со вкупно 3.481 учесник.

Во 2020 година позначајни одржани обуки се:

- **Контрола на супстанции, смеси и опрема контролирани од Монтреалскиот протокол за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка** – со цел запознавање со улогата и заштитата на озонската обвивка, Монтреалскиот протокол и национална легислатива, популарни начини на криумчарење на супстанции и смеши контролирани со Монтреалскиот протокол и контрола на увозот/извозот на супстанциите, идентификација на супстанциите/смесите на лице место/контролна листа за проверка на производи/опрема што содржи супстанции и/или смеши контролирани од Монтреалскиот протокол;
- **Борба против тероризмот преку зголемување на свеста за гранично разузнавање** – со цел споделување на британското полициско искуство и пракса во борбата против тероризмот со македонските царински и полициски службеници и безбедносните служби кои работат на меѓународните гранични премини;
- **Трансферни цени** – со цел унапредување на знаењата на царинските и даночни службеници за информациите содржани во документацијата за трансферни цени;
- **Усогласување на Царинскиот закон со Царинскиот закон на Унијата**;
- **Техники за водење на интервју** – со цел подготовка на упатство водич за водење на интервју;
- **Модели за деловни процеси** – со цел на учесниците да им се презентира како да ги користат моделите за деловни процеси како што се применуваат во царинската унија на ЕУ, основните цели на моделите за деловни процеси, методологијата и како да се користи моделот на царински податоци на ЕУ;
- **Подготовка на национални технички спецификации на ЕУ – задолжителните ИТ-системи** – со цел зајакнување на капацитетот на Царинската управа за NCTS Фаза 5 во создавање деловен концепт; и
- **Подготовка на извештаи за тековната нормативна рамка нагаранции за царински долг и отпис на ненаплатени побарувања** – со цел да се развијат дискусии и соработка на работилници помеѓу национални и меѓународни експерти;
- **Хармонизиран систем и распоредување на стока** со цел унапредување на знаењата на царинските службеници за распоредување, особено за стока што се распоредува во Гл. 84, 85 и 90, и примена на правилата за распоредување;
- **Идентификација на производи од различни трговски марки** со цел учесниците да можат да идентификуваат производи од брандовите („Adidas“, „Reebok“, „Canon“, „Bavaria“ и др.);
- **Работилница која ги покрива основните аспекти поврзани со работата на меѓуресорската група (Полиција и Царина)** со цел на учесниците да им биде

претставена работата на меѓународните организации за спречување на шверц како што се UNODC-WCO CCP[12] и UNODC-WCO-INTERPOL AIRCOP[13] и

- **Основна обука за царински службеници** за 28 нововработени чие одржување започна во декември 2020 година и истата ќе се реализира до април 2021 година.

## III.3. Интегритет

Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет. Интегритет на ниво на една организација, значи „отпорност на корупција".

Во 2020 година се спроведени **84 внатрешни истраги** врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, применете поплаки кои се однесуваат на незаконско и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Притоа во 30 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници. Во истиот период во 2019 година беа спроведени вкупно 129 внатрешни истраги.

| по организациски единици | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | 2019 | | | | | 2020 | | | | |
| | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
| Централна управа | 3 | 1 | 2 | 3 | **9** | 3 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| Царинарница Скопје | 11 | 2 | 8 | 10 | **31** | 12 | 7 | 11 | 3 | **33** |
| Царинарница Куманово | 9 | 9 | 9 | 9 | **36** | 4 | 3 | 9 | 7 | **23** |
| Царинарница Штип | 4 | 5 | 0 | 3 | **12** | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| Царинарница Гевгелија | 2 | 3 | 7 | 6 | **18** | 3 | 6 | 5 | 1 | **15** |
| Царинарница Битола | 3 | 8 | 5 | 7 | **23** | 7 | 1 | 0 | 1 | **9** |
| **Вкупно** | 32 | 28 | 31 | 38 | 129 | 30 | 17 | 25 | 12 | 84 |

Во 2020 година во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, извршени се **48 внатрешни контроли**, при што во 26 извештаи се утврдени неправилности во

[12] UNODC-WCO CCP – United Nations Office on Drugs and Crime – World Customs Organizations Container Control Programme
[13] UNODC-WCO INTERPOL AIRCOP – United Nations Office on Drugs and Crime – World Customs Organizations Container Control Programme

постапувањето на царинските службеници, додека во 2019 година беа извршени 49 внатрешни контроли.

| Број на спроведени внатрешни контроли по организациски единици | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | 2019 | | | | | 2020 | | | | |
| | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
| Централна управа | 3 | 5 | 1 | 0 | **9** | 2 | 2 | 1 | 2 | **7** |
| Царинарница Скопје | 5 | 3 | 2 | 3 | **13** | 4 | 1 | 3 | 4 | **12** |
| Царинарница Куманово | 2 | 1 | 0 | 2 | **5** | 1 | 1 | 3 | 0 | **5** |
| Царинарница Штип | 1 | 0 | 0 | 2 | **3** | 1 | 0 | 0 | 4 | **5** |
| Царинарница Гевгелија | 0 | 4 | 4 | 0 | **8** | 0 | 2 | 5 | 1 | **8** |
| Царинарница Битола | 2 | 2 | 7 | 0 | **11** | 2 | 2 | 4 | 3 | **11** |
| Вкупно | 13 | 15 | 14 | 7 | 49 | 10 | 8 | 16 | 14 | 48 |

Во 2020 година, преку **отворената царинска телефонска линија (197)** се примени **53 поплаки** и **2 on-line** пријави во кои странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања, од кои во 3 случаи е утврдена основаност на поплаката. Во истиот период минатата 2019 година беа примени 38 поплаки и 8 on-line пријави, од кои во 2 случаи е утврдена основаност на содржината на поплаките.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во 2020 година евидентирани се 164 царински службеници кои доставиле **анкетен лист,** 69 кои доставиле **обрасци за промена на имотната состојба** и 148 кои доставиле **изјави за интереси**. Во истиот период во 2019 година беа евидентирани 125 царински службеници кои доставиле анкетен лист, 63 кои доставиле обрасци за промена на имотна состојба и 94 кои поднеле изјави за интереси.

Во 2020 година е ревидиран и изработен нов **Кодекс на однесување на царинските службеници** и **Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција** за **периодот јануари-март 2020 година**, за **периодот април-јуни 2020 година**, за **периодот јули-септември 2020 година** и за **периодот октомври-декември 2020 година,** како и **Регистар на најчести грешки и пропусти во севкупното работење во периодот јануари-јуни 2020 година**, кои се применуваат како корисни алатки за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство преку вршење на интерни контроли, а со тоа и за превенција од корупцијата.

Во 2020 година донесени се 17 решенија со кои се изречени **дисциплински мерки** – односно со 5 решенија е изречена **парична казна** во износ од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работник во траење од 6 месеци, 2 решение за изречена патична казна од 15% од последната исплатена месечна нето-плата за работник во траење од 3

месеци, 1 решение е изречена **парична казна** во износ од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работник во траење од 2 месеци со 4 решенија е изречена **парична казна** во износ од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работник во траење од 1 месец, како и 2 решенија за изречена мерка **опомена**.

Донесени се **4** решенија со кое предлогот за поведување на постапка за утврдување на одговорност се одбива како неоснован, а постапката **се запира.**

Во 2020 година донесени се 7 решенија со кои на царински службеници им е утврдена **основната плата во намален износ** од 15% поради тоа што не ги оствариле просечните, односно очекуваните резултати од работата.

## III.4. Внатрешна ревизија

**Внатрешната ревизија** е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

Во 2020 година во Царинската управа се извршени 15 **внатрешни ревизии**. Врз основа на извршените ревизии утврдени се 67 **наоди** и дадени се 77 **препораки за подобрување на работењето**. Од вкупно дадените препораки 33 препораки се целосно реализирани, 8 препораки се делумно реализирани, 12 препораки се во тек на реализација, 9 препораки не се реализирани, а за 15 препораки не е изминат рокот за имплементација.

Во 2020 година изготвени се **Квартален извештај** за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за IV квартал во 2019 година и степен на спроведување на препораките заклучно со IV квартал во 2019 година, **Квартални извештаи** за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за I, II и III квартал во 2020 година и степен на спроведување на препораките заклучно со I, II и III квартал во 2020 година. Изготвен е **Годишен извештај** за воспоставениот внатрешен контролен систем во Царинската управа за 2019 година. Исто така изготвен е и **Извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2019 година**, кој е доставен до Министерството за финансии – Централна единица за хармонизација, како прилог на Годишниот финансиски извештај на Царинската управа.

Во 2019 година во Царинската управа беа извршени 17 внатрешни ревизии. Врз основа на извршените ревизии беа утврдени 70 наоди и дадени 75 препораки за подобрување на работењето.

## III.5. Наградување и унапредување

Во 2020 година донесени се 4 решенија со кое на царински службеници им се утврдени **основни плати во зголемен износ од 15%**, поради тоа што работата ја извршиле со особен успех и квалитет.

По повод 14-ти април, Денот на Царинската управа, доделени се следните награди на царински службеници:

- 42 јубилејни награди за 10 години непрекината работа во Царинската управа;
- 101 јубилејна награда за 20 години непрекината работа во Царинската управа;
- 4 јубилејни награди за 30 години непрекината работа во Царинската управа и
- 36 пофалници.

Во 2020 година донесени се 6 решенија за доделување парична награда согласно Правилникот за системот на наградување на царински службеници („Сл.весник на РМ“ бр. 28/15 и 194/16).

Во 2020 година во Царинската управа се извршени вкупно 37 **унапредувања**. Во Централна управа унапредени се 15 царински службеници: 2 царински службеници на работно место началник, 4 царински службеници на работно место самостоен советник, 4 царински службеници на работно место советник во управа, 1 царински службеник на работно место главен инспектор, 1 царински службеник на работно место виш инспектор и 1 царински службеник на работно место оператор, 2 царински службеници на работно место административен оператор.

Во истиот период во царинарниците унапредени се 22 царински службеник: 2 царински службеник на работно место шеф на царинска испостава, 6 царински службеници на работно место водач на смена, 5 царински службеници на работно место водител на смена, 3 царински службеници на работно место виш цариник контролор, 3 царински службеници на работно место самостоен советник, 1 царински службеник на работно место виш цариник и 2 царински службеници на работно место цариник.

# IV. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

## IV.1. ИКТ инфраструктура

Во текот на 2020 година Секторот за ИКТ беше интензивно вклучен во активностите за **развој и унапредување на тековните ИКТ системи** и на планирање и подготовка на иницијални проектни документи и технички спецификации за изработка на нови системи.

Во рамките на овие активности, следејќи ги потребите за ефикасно управување со имплементацијата на повеќе ИКТ проекти, од доменот на царинското работење, во почетокот на 2020 година започна со работа новиот Управувачки комитет за имплементација на Програмта еЦарина, преку кој се следи и координира напредокот на проектите за унапредување на следните системи: Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки (EXIM), Интегрираната тарифна околина (ИТО) и Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), а од октомври 2020 година и Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW). Овие проекти се опфатени и во Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за имплементација на еЦарина (MASP[14]) и нивната усогласување и имплементација е еден од условите за нивна интероперабилност и интерконективност со Европските царински системи.

Паралелно, следејќи ги најдобрите практики за примена на проектните методологии за управување со проектите за развој и имплементација на нови софтверски решенија, во текот на 2020 година Секторот за ИКТ воспостави соодветна динамика на работа на Комитетот за управување со животен циклус на апликации (КУЖЦА), при што беа формирани 8 работни групи со членови од надлежни организациони единици, кои ги подготвија следните предлог проектени документи (ППДа) за унапредување на тековни и изработка на нови софтверски апликации и тоа за:

- Развој и имплементација на нов систем за NCTS - фаза 5;
- Развој и имплементација на Систем за регистрација и идентфикација на економски оператори EORI2;
- Унапредување на ИИС[15] системот;
- Развој на нов Систем за контоли и истраги;
- Изработка на нов интернет и интранет портал и
- Изработка на нов Систем за влез, вагање, излез од терминал и терминалски услуги.

Работните групи во 2020 година ги подготвија и техничките спецификации (ТС) за изработка на новиот NCTS – фаза 5 систем, ТС за нов Царински поратл, ТС за Унапредување на СОЦДАД и ИИС системите. Во тек е подготовка на техничките

[14] MASP - Multi-Annual Strategic Plan
https://ec.europa.eu/taxation_customs/general-information-customs/electronic-customs_en#heading_2

[15] ИИС - Интегриран Иинформациски Систем

спецификации за новиот Систем за контрола и истраги и Систем за регистрација и идентфикација на економски оператори EORI2[16].

При изработката на овие спецификации се применуваа препораките и искуствата разменети со колегите од хрватската и австриската царинска администрација, во рамките на 11 работилници одржани преку твининг проектот за зајакнување на административниот капацитет на Царинската управа, финасиран преку ИПА ЕУ фондови, координиран од Делегацијата на ЕУ, а на кои учествуваа вработените од Секторот за ИКТ.

Во делот на **унапредување на ИКТ инфраструктурата**, на почетокот на 2020, во рамките на Договорот за набавка на инфраструктура за централна консолидација на ИКТ системите на Царинска управа, извршена е целосна консолидацијата на четирите ИКТ системи (СОЦДАД, ИТО, EXIM, НКТС) со нивна миграција на новата хардверска платформа, набавена во мај 2019 година. Дополнително во делот на унапредување на ИКТ инфраструктурата завршена е виртуелизацијата на сите физички сервери за системот АСИКУДА („DELL" и „Compaq"), стари повеќе од 20 години.

Во текот на 2020 година, преку средства од ИПА ЕУ фондови, во соработка со експерти на Делегацијата на ЕУ, беше подготвена техничка спецификација и се избра изведувач за набавка на ИКТ опрема и системски софтвер за надградба на ИКТ инфраструктурата на примарната локација на податочниот центар на Царинската управа и ИКТ инфраструктура за воспсотавување на доверлив компјутерско-податочен центар на оддалечена локација („Disaster Recovery"). Активностите во рамките на овој проект се планира да завршат во средината на 2021 година.

Во рамките на компонентата за Олеснување на меѓугранична трговија на стоки од **Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан**[17], финансиран со кредит од Светската Банка, планирана е имплементација на нов Систем за видеонадзор, при што во тек е избор на консултанти кои треба да подготват техничка спецификација за набавка и имплементација на нов систем за видеонадзор и препознавање на регистарски таблички (CCTV[18]&ANPR[19]). Овој проект се очекува да заврши до крајот на 2021 година.

Паралелно, Секторот за ИКТ работи на реконструкција на податочниот центар на примарната локација (сервер салата во Царинската управа), при што во тек е изработка на проектна документација, по што до крајот на 2021 година се планира да се изврши и планираната реконструкција, со што се очекува Царинската управа да изгради еден од насовремените податочни центри во државата.

## IV.2. Интерни акти за поддршка на работењето

Во 2020 година се подготвени нови и донесени се измени и дополнувања на следните интерни акти во надлежност на Секторот за ИКТ:

---

[16] EORI – Economic Operators Registration and Identification number
[17] WBTTFP – Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project
[18] CCTV – Closed-circuit television
[19] ANPR – Automatic number plate recognition

- Упатство за евиденција на ИКТ основни средства во Царинската управа;
- Прирачник за условите и правилата за пристап на економските оператори во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи;
- Технички инструкции и напатствија за пристап и управување со корисниците во СОЦДАД;
- Упатство за управување со пристапот на внатрешните корисници во ИКТ системите на Царинската управа и
- Корисничко упатство за користење на модулот УМС.

Во текот на 2020 година, во соработка со колегите од хрватската царинска администрација, активно се работеше на подготовка на измените на **Стратегија за развој на ИКТ на Царинска управа за период 2021-2025 година** и **Акционен план за интерконективност и интероперабилност на Царинската управа со системите на ЕУ (2021-2023)**, кој е составен дел на стратегијата, во кој се планирани да се реализираат проктите од првата фаза од Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за имплементација на еЦарина. Развојот на овие ИКТ системи и нивната имплементација се услов за пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ и за истите се обезбедени финансиски средства од ЕУ ИПА фондовите, Светска банка и националниот буџет. По усвојувањето од колегиумот на Царинската управа истата ќе биде доставена на разгледување и до Владата на РСМ.

## IV.3. Поддршка на корисниците на ИКТ системите

Во 2020 година се спроведени голем број оперативни активности за поддршка и непречена функционалност на ИКТ инфраструктурата во Царинската управа.

Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во текот на 2020 година изнесуваше 99%.

Во 2020 година за одржување на непрекинатост на ИКТ системите решени се 12.996 инциденти, сервисни побарувања и бизнис проблеми пристигнати на Сервисниот деск на Царинската управа. Од нив 288 инциденти и сервисни побарувања се однесуваат на хардверска опрема и мрежни проблеми, додека 12.708 барања се однесуваат на софтверски и бизнис проблеми.

| Категорија | Вкупно |
|---|---|
| Хардверски проблеми | 288 |
| Софтверски и бизнис проблеми | 12.708 |
| **Вкупно** | **12.996** |

Од аспект на поддршка на софтверските апликации во текот на 2020 година најмногу побарувања (6.072) се решени за СОЦДАД системот. Структурата на решени побарувања за поголемите апликации е дадена во следната табела:

| Апликација | Вкупно |
|---|---|
| СОЦДАД | 6.072 |
| ЕДМС | 1.222 |
| НКТС | 518 |
| EXIM | 373 |
| АСИКУДА | 358 |
| ИТО | 174 |
| СИМ | 126 |
| Останато | 4.153 |
| **Вкупно** | **12.996** |

Како и во следниот графички приказ:




Во март 2020, веднаш по започнување на пандемијата, Секторт за ИКТ воспостави алатки за видеоконференциска соработка, односно комуникација и координација помеѓу вработените и надворешните соработници за реализација на тековните активости во Царинската управа, при што во периодот од 1 јуни до 31 декември и покрај специфичноста на условите за работа, во Царинската управа се одржани 350 состаноци, работилници и обуки со вкупно 1.900 учесници, преку платформата „Cisco Webex" и „Microsoft Teams".

Во текот на целата година, заради спроведување на мерките за справување со Ковид-19 кризата, Секторот за ИКТ имаше зголемен обем на работа поради зголемена потреба од корисничка поддршка за работа од далечина, како и поддршка за организирање и учество на видео-конференциски состаноци.

# V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## V.1. Услови за спроведување на царинските формалности

Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и воведување на нови можости за олеснување и забрзување на царинските постапки и условите за нивно спроведување, со поддршка од информатичка и комуникациска технологија.

## V.2. Е-Царина

### V.2.1. Нов софтвер за обработка на царински декларации

Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) [20]е пуштен во продукција за извозни постапки на 3 јуни 2019 година.

Во 2020 година продолжија активностите за унапредување на функционалностите на СОЦДАД, согласно договорот за реализација на техничката спецификација потпишан во август 2019 година.

Во 2020 година СОЦДАД целосно е развиен и пуштен е во продукција Системот за акцизи (EMCS[21]), кој во целост ја поддржува примената на новиот Закон за акцизи, како и на Законот за данок на моторни возила. Истовремено, за постапките за извоз воведена е можност за прикачување на скенирани документи кои треба да се приложат кон декларацијата, со цел да се избегне употреба на хартиени документи секаде каде што е тоа возможно.

Во април 2020 година на порталот за трговци е овозможено операторите директно од СОЦДАД да извршат пресметка на давачките што би требало да се платат пред (без) да поднесат царинска декларација за увоз.

Во овој период на продукција се пушти и модулот за информации пред пристигнување за пратки кои пристигнуваат преку оператори на брзи пратки, Овој модул беше развиван во рамките на Проектот за Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ)[22], што е во насока на дополнително олеснување на спроведување на царинските постапки.

[20] Новиот СОЦДАД, кој го замени системот ASYCUDA, обезбедува интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, како и подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

[21] EMCS – The Excise Movement and Control System

[22] GIZ – Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit

На крајот на јуни 2020 година се применети измени поврзани со системот EXIM, односно раздолжување по позиции на лиценци и резервација на количини. Истовремено е укинат статусот во увозна декларација „во пуштање", со што се забрзува постапката и се намалува бројот на дејства што царинскиот службеник треба да ги направи во системот.

### V.2.2. Интегрирана тарифна околина (ИТО)

Во 2020 година се продолжи со активностите за унапредување на Интегрирана тарифна околина – ИТО системот, согласно договорот за реализација на техничката спецификација потпишан на 19 февруари 2020 година. Активностите кои се преземени во овој период се однесуваат на надминување на проблеми во новиот модул за управување со тарифни квоти, надминување на проблеми со интерфејсот помеѓу ИТО и СОЦДАД, анализа и подготовка на спецификација за надградба на модулот за Задолжителна тарифна информација[23] и отстранување на недостатокот на прикажување на интеграција на национални подброеви. Од почетокот на август 2020 година се работи на надградба на модулот за ЗТИ согласно подготвената техничка спецификација. Овие активности треба да завршат во текот на февруари 2021 година.

### V.2.3. Заеднички транзитен систем на ЕУ и ЕФТА земјите

Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока обезбедуваат единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.

Почнувајќи од 1 февруари 2016 година и Република Србија пристапи кон Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока со што пан-европските коридори 8 и 10 добиваат дополнителна важност на поширок меѓународен план.

Во текот на 2020 година во царинските испостави во Република Северна Македонија обработени се вкупно 96.830 царински декларации во заедничката транзитна постапка (транзит од Република Северна Македонија за ЕУ и ЕФТА земјите), а од странските царински испостави примени се вкупно 65.439 транзитни движења во кои нашите испостави се нотирани како одредишни испостави (транзит од ЕУ и ЕФТА земјите за Република Северна Македонија). Низ територијата на Република Северна Македонија транзитирале вкупно 43.122 транзитни движења во кои нашите испостави ја презедоа улогата на транзитни испостави.

Во текот на 2019 година во царинските испостави во Република Северна Македонија обработени се вкупно 96.300 царински декларации во заедничката транзитна постапка

[23] BTI – Binding Tariff Information (Задолжителна тарифна информација).

(транзит од Република Северна Македонија за ЕУ и ЕФТА земјите), а од странските царински испостави примени се вкупно 53.232 транзитни движења во кои нашите испостави се нотирани како одредишни испостави (транзит од ЕУ и ЕФТА земјите за Република Северна Македонија). Низ територијата на Република Северна Македонија транзитирале вкупно 43.893 транзитни движења во кои нашите испостави ја презедоа улогата на транзитни испостави.

Заклучно со декември 2020 година издадени се вкупно 151 одобрение на економските оператори со кои им се овозможува пристап кон НКТС и 75 одобренија на главните обврзници за користење на банкарска гаранција во заедничката транзитна постапка.

## V.3. Обем на извршени работи

### V.3.1. EXIM

Преку Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – EXIM регистрираните економски оператори преку 12 (од 17 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, можат да аплицираат за 59 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи.

Во периодот август-септември 2020 година е развиен нов модул во рамки на EXIM системот кој служи за евиденција на заболени лица од Ковид-19 и нивните контакти. Истиот е развиен согласно потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), а во тесна соработка со Царинската управа. Податоците од EXIM системот се преземаат од системот „РААВИО“ за автоматско следење и стопирање на лица кои се обидуваат да излезат преку аеродромите од државата, а кои во случајот имаат решение за изолација. Покрај ова, во периодот јули-септември 2020 година интензивно се работеше на развој на веб сервиси со кои ќе се овозможи поврзување и размена на податоци помеѓу EXIM и Системот за водење на регистар на оружје на Министерството за внатрешни работи. Размената на податоци помеѓу системите на двете институции ќе се одвива преку Системот за интероперабилност.

### V.3.2. NCTS

Во рамките на проектот за унапредување на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) завршен е развојот и пуштен е во примена еТИР, кој досега се евидентираше во стариот АСИКУДА систем. Исто така, со цел обебзбедување на поефикасни контроли, подготвен е нов модул за следење на акцизните стоки кои транзитираат низ државата. Примената на овие модули започна од 1 јануари 2021 година.

### V.3.3. NSW

Во 2020 година започна и Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем[24], во рамките на компонента Олеснување на меѓугранична трговија

[24] NSW – National Single Window

на стоки од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, финансиран со кредит од Светската Банка.

Со овој проект се очекува да се развие и имплементира комплетен Национален едношалтерски систем, една од најефикасните алатки за олесување на прекуграничната трговија, со кој треба да бидат задоволени потребите и барањата на Царинската управа, другите владини институции надлежни за прекуграничниот проток на стоки и бизнис заедницата, а со цел понатамошно олеснување и забрзување на прекуграничната трговија и усогласување со регулативата и стандардите кои се применуваат во земјите членки на ЕУ. Преку изработка на соодветни интерфејси, во NSW се очекува да бидат соодветно интегрирани националните ИТ системи кои се користат во Царинската управа и другите владини институции, а кои опфаќаат бизнис процеси од прекуграничниот проток на стоки. NSW треба да овозможи примена на концептот на заедничка анализа на ризик од страна на вклучените институции, за што се очекува да се воспостави и напреден систем за добивање на извештаи.

Од средината на октомври 2020 година започната е реализацијата на првата активност од проектот која опфаќа анализа на законите, тековната состојба и проблемите и изработка на новиот модел на NSW (Blueprint). Блупринт документот ќе вклучува и бизнис процесен модел, функционална и техничка архитектура, детална техничка спецификација за имплементација на системот, вклучувајќи го потребниот софтверски развој и хардверските потреби. Изработката на овој документ ќе се одвива на регионално ниво, односно во првата фаза ќе се изработи Блупринт документ за имплементација на NSW во Северна Македонија, Албанија и Србија, со анекс за специфичните потреби и барања за секоја од земјите. Оваа активност, за разлика од останатите активности од проектот, е финансирана преку фондови од Светска банка и не е дел од кредитот. Реализацијата на оваа активност треба да заврши до крајот на март 2021 година.

Во текот на 2020 беше извршено унапредување на Бордер апликацијата, со цел истата да може да се применува на новиот „Windows10" оперативен систем, со што е овозможено да се заменат старите „WindowsXP" десктоп компјутери на кои работеа царинските службеници на граничните премини, со нови.

Исто така, извршени се неопходните прилагодувања на интефејсите за размена на податоци од царинските системи СОЦДАД и НКТС со реагионалниот SEED[25] систем. Преку овој систем за потребите на „зелени коридори" се врши и електронска размена на податоци помеѓу царинските служби на земјите на ЦЕФТА за пристигнување на есенцијални стоки за сузбивање на Ковид-19 пандемијата (прехранбените продукти и медицинските производи), со што се овозможува приоритет при нивниот премин на границите.

### V.3.4. Царински и акцизни одобренија и лиценци

На крајот на декември 2020 година, вкупно 281 компанија имаа одобренија за вршење работи на **застапување во царински постапки**, додека во декември 2019 имаше 274 вакви

[25] SEED – Sistematic Electronic Exchange of Data

компании. На крајот на декември 2020 година бројот на **физички лица – иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки** изнесува 1.258, додека во декември 2019 година имаше 1.231 вакви лица.

Најзастапен вид **царинска постапка со економски ефект** е увозот за облагородување, по што следи царинско складирање и извозот за облагородување. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од областа на чевларската индустрија и металургијата. На крајот на декември 2020 година 173 трговски друштва се иматели на одобренија за **увоз за облагородување** и 14 трговски друштва поседуваат одобренија за **извоз за облагородување**. Одобренија за **царинско складирање** поседуваат 78 трговски друштва. Издадените одобренија за **еднократна примена** во 2020 година изнесуваат 920.

На крајот на декември 2019 година, 176 трговски друштва биле иматели на **одобренија за увоз за облагородување** и 9 трговски друштва поседувале **одобренија за извоз за облагородување**, додека 89 трговски друштва поседувале **одобренија за царинско складирање**. Издадените одобренија за еднократна примена во 2019 година изнесувале 1.150.

На крајот на декември 2020 година активни се 184 одобренија за **поедноставени царински постапки** од кои 72 одобренија за **локално царинење при увоз/извоз**, 69 одобренија за **овластен примач во транзит**, 38 одобренија за **овластен испраќач** и 5 одобренија за **поедноставено декларирање**.

Во декември 2019 година биле активни 224 одобренија за **поедноставени царински постапки**.

Заклучно со декември 2020 година важечки се 579 **Задолжителни тарифни информации (ЗТИ)** кои ги издава Царинската управа по писмено барање од страна на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на стока, со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. Во декември 2019 година биле важечки 576 ЗТИ. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки.

Во 2020 година издадени се 2 нови **одобренија за одобрен извозник** и укинати се 2 одобренија. Бројот на издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со крајот на 2019 година изнесуваше 151. Овој број континуирано се зголемува во текот на 2020 година, односно се зголемува и листата на одобрени извозници иматели на ова одобрение, па така вкупниот број на издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со декември 2020 година изнесува 153, од кои 141 се активни. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото при извоз, односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијаното потекло без разлика на вредноста на стоката за која се

однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

Вкупниот број на активни **одобренија за одложено плаќање** на крајот на декември 2020 година изнесува 162, а нивниот број на крајот на декември 2019 година изнесуваше 203.

На крајот на декември 2020 година вкупниот број на **активни акцизни дозволи** по економски оператори изнесува 60, издадени се 4 **одобренија за мали производители на пиво** и 3 **одобренија за земјоделци – мали производители на жестоки алкохолни пијалаци.**. На крајот на декември 2019 година, вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесуваше 80.

На крајот на декември 2020 година вкупниот број на **активни одобренија за повластен корисник** по економски оператори изнесува 197. На крајот на декември 2019 година вкупниот број на активни одобренија за акцизно повластено користење по економски оператори изнесуваше 313.

## V.4. Наплатени приходи

Во 2020 година остварен е **вкупен приход** од **82.947,97** милиони денари. Овој износ е:

↑ поголем за 4,8% во однос на **планираниот приход** во 2020 година во износ од 79.211,60 милиони денари и

↓ помал за 9,5% во однос на **остварениот приход** во 2019 година од 91.725,28 милиони денари.

**План и наплатата во 2020 година, споредено со истиот период од 2017 до 2019 година:**

*во милиони денари*

| ПЕРИОД | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Остварено 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари-декември | 79.211,60 | 82.974,97 | 91.725,28 | 86.898,02 | 78.214,27 |
| **ИНДЕКС** | **Наплата/план 2020** | | **2020/2019** | **2020/2018** | **2020/2017** |
| Период 2020/'19/'18/'17 | 4,8% | | -9,5% | -4,5% | 6,1% |

Во табелата во продолжение се прикажани планирани и наплатени приходи по вид на давачки за период јануари-декември 2020 година, споредено со истиот период од 2017 до 2019 година.

**План и наплатата по вид на давачки во 2020 година, споредено со истиот период од 2017 до 2019 година:**

*во милиони денари*

| ПРИХОД | План Јануари-декември 2020 | Остварено Јануари-декември 2020 | Остварено Јануари-декември 2019 | Остварено Јануари-декември 2018 | Остварено Јануари-декември 2017 | Индекс: Наплата/ План 2020 | Индекс: 2020/2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | % |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 (3:2) | 8 (3:4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Царина | 5.500,00 | 5.734,29 | 6.032,62 | 5.603,61 | 5.174,70 | ↑4,3% | -4,9% |
| ДДВ | 46.000,00 | 49.475,15 | 55.022,76 | 51.832,47 | 46.060,92 | ↑7,6% | -10,1% |
| Акциза | 27.026,60 | 27.123,72 | 29.880,60 | 28.775,17 | 26.314,96 | ↑0,4% | -9,2% |
| Надоместоци | 685,00 | 641,81 | 789,30 | 686,24 | 663,70 | ↓-6,3% | -18,7% |
| **ВКУПНО** | **79.211,60** | **82.974,97** | **91.725,28** | **86.898,02** | **78.214,27** | **↑4,8%** | **-9,5%** |

Од табелата може да се забележи:

Во 2020 година во однос на **планираните приходи** за 2020 година остварена е:

↑ **зголемена наплата** на:
ДДВ за 7,6%;
Царина за 4,3% и
Акциза за 0,4%.

↓ **намалена наплата**:
Надоместоци за 6,3%.

Во 2020 година во однос на **наплатените приходи** за 2019 година остварена е:

↓ **намалена наплата** на:
Надоместоци за 18,7%
ДДВ за 10,1%
Акциза за 9,2% и
Царина за 4,9%.







### V.4.1. Царина

Во 2020 година остварен е **вкупен приход од царина** од 5.734,29 милиони денари. Овој износ е:

↑ поголем за 4,3% во однос на **планираниот приход** за 2020 година од 5.500,00 милиони денари и

↓ помал за 4,9% во однос на **остварениот приход** во 2019 година во износ од 6.032,62 милиони денари.

**План и наплатата во 2020 година, споредено со истиот период од 2017 до 2019 година:**

*во милиони денари*

| ЦАРИНА | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Остварено 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари-декември | 5.500,00 | 5.734,29 | 6.032,62 | 5.603,61 | 5.174,70 |
| **ИНДЕКС** | **Наплата/план 2020** | | **2020/2019** | **2020/2018** | **2020/2017** |
| Период 2020/'19/'18/'17 | | 4,3% | -4,9% | 0,7% | 9,3% |

### V.4.2. ДДВ

Во 2020 година остварен е **вкупен приход од ДДВ од увоз** од 49.475,15 милиони денари. Овој износ е:

- ↑ поголем за 7,6% во однос на **планираниот приход** за 2020 година од 46.000,00 милиони денари и
- ↓ помал за 10,1% во однос на **остварениот приход** во 2019 година во износ од 55.022,76 милиони денари.

**План и наплатата во 2020 година, споредено со истиот период од 2017 до 2019 година:**

*во милиони денари*

| ДДВ – Увоз | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Остварено 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари-декември | 46.000,00 | 49.475,15 | 55.022,76 | 51.832,47 | 46.060,92 |
| **ИНДЕКС** | **Наплата/план 2020** | | **2020/2019** | **2020/2018** | **2020/2017** |
| Период 2020/'19/'18/'17 | | 7,6% | -10,1% | -4,5% | 7,4% |

### V.4.3. Акцизи

Во 2020 година остварен е **вкупен приход од акциза** од 27.123,72 милиони денари. Овој износ е:

- ↑ поголем за 0,4% во однос на **планираниот приход** за 2020 година од 27.026,60 милиони денари и
- ↓ помал за 9,2% во однос на **остварениот приход** во 2019 година во износ од 29.880,60 милиони денари.

**План и наплатата во 2020 година, споредено со истиот месец од 2017 до 2019 година:**

*во милиони денари*

| АКЦИЗА | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Остварено 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари-декември | 27.026,60 | 27.123,72 | 29.880,60 | 28.775,17 | 26.314,96 |
| **ИНДЕКС** | **Наплата/план 2020** | | **2020/2019** | **2020/2018** | **2020/2017** |
| Период 2020/'19/'18/'17 | | 0,4% | -9,2% | -5,7% | 3,1% |

### V.4.4. Надоместоци

Структурата на видови приходи кои Царинската управа ги наплаќа од надоместоците се состојат од приходи за надоместоци при увоз на употребувани производи, надоместоци за увоз на пластични производи и амбалажа, надоместоци при увоз за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, надоместоци за заштита на озонската обвивка и надоместоци при извоз на делови собрани од природата.

Во 2020 година остварен е **вкупен приход од надоместоци** од 2.689,18 милиони денари. Овој износ е:

↑ поголем за 19,8% во однос на **планираниот приход** за 2020 година од 2.244,01 милиони денари и

↑ поголем за 16,5% во однос на **остварениот приход** во 2019 година во износ од 2.307,54 милиони денари.

**План и наплатата во 2020 година, споредено со истиот месец од 2017 до 2019 година:**

*во милиони денари*

| НАДОМЕСТОЦИ | План 2020 | Остварено 2020 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Остварено 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари-декември | 2.244,01 | 2.689,18 | 2.307,54 | 2.227,93 | 1.927,66 |
| **ИНДЕКС** | **Наплата/план 2020** | | **2020/2019** | **2020/2018** | **2020/2017** |
| Период 2020/'19/'18/'17 | 19,8% | | 16,5% | 20,7% | 39,5% |

# VI. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Контрола на примената на законите во Царинската управа подразбира спроведување контрола од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство.

## VI.1. Основи

Во 2020 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, истрагите и работата на специјалните единици.

## VI.2. Управување со ризици

Управувањето со ризици претставува основно средство за спроведување на царинска контрола со цел поблиско профилирање и селектирање на таргетите, без непотребно одолговлекување и оптоварување на легалната трговија, поради што оваа област е предмет на перманентно уредување и унапредување од страна на Царинската управа.

Во областа на управувањето со ризиците, продолжено е со активности за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор, во согласност со специфичностите на секоја царинска постапка и вид на транспорт.

Во 2020 година беа изготвени или ревидирани поголем број на критериуми на ризик, согласно добиените податоци и информации, како и согласно актуелните текови во меѓународната трговија и измените во регулативата, а со цел олеснување на трговијата, со истовремено зголемување на сигурноста и безбедноста, односно таргетирање на пратки со повисок ризик.

Во рамки на реализација на проектот за имплементација на СОЦДАД и подсистемот за анализа на ризик направени се анализи врз основа на кои се унапредени дефинираните извештаи во системот.

Како континуитет на **ИПА Твининг проектот „Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската управа“**, а поради обезбедување на усогласеност со стандардите на Европската Унија во делот на управување со ризиците, започната е подготовка за имплементација на препораките од проектот, со ажурирање на интерните упатства и процедури.

Во рамки на претседавањето со **Подкомитетот за царина и правила на потекло на ЦЕФТА**, во работната програма за 2020 година вклучени се активности за имплементација на регионалната стратегија за управување со ризици 2020-2024 и унапредување на

системот за размена на податоци СЕЕД, како и иницијални активности за воспоставување на заеднички профили на ризик во овој систем.

Во рамки на работната група за подготовка на Предлог проектен документ и Техничка спецификација за развој на Систем за контроли и истраги беа утврдени чекорите за реализација на активностите и вклучување на сите аспекти и прашања поврзани со спроведувањето на контролните активности и резултатите од истите на сите нивоа.

Во рамки на **Проектот „Консултација за модернизација на Царинската управа на Република Северна Македонија“**, во делот на управување со ризици одржани се поголем број на работилници кои ќе резултираат со препораки за унапредување на царинските процеси, обезбедување на подобри услуги за македонските претпријатија, како и зголемување на националната безбедност преку подобра контрола врз меѓународното движење на стока и патници.

## VI.3. Царинска и друга контрола

### VI.3.1. Царинска контрола на влез, излез, транзит и во внатрешноста

Царинска контрола опфаќа контрола на законитоста на влез, излез, транзит и во внатрешноста, на стока и патници во царинското подрачје на Република Северна Македонија и декларирањето на видот и количината на стоката.

Со примена на системот за анализа на ризик, во 2020 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, царинска контрола резултираше со 81 успешен наод. Контролата се реализираше и со користење на разновидна опрема донирана од ЕУ и опрема донирана преку Програмата EXBS[26] на Амбасада на САД во Скопје.

За споредба, во 2019 година царинска контрола резултираше со 187 успешни наоди.

[26] EXBS – The Export Control and Related Border Security (Програма за контрола на извозот и граничната безбедност)

## Спречување нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во 2020 година, спречени се 3 обиди на шверц на околу 5 килограми хероин, 0,4 грама хероин и 20 кубни единици метадон.



*Во соработка со Министерството за внатрешни работи, спречен е обид на шверц на околу 5 килограми хероин. Дрогата, спакувана во 10 пакувања, е пронајдена во специјално подготвени бункери во поткрилата на патничко моторно возило марка BMW, со македонски регистарски таблички, управувано од македонски државјанин.*

## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во 2020 година спречени се 10 обиди на шверц на девизи и тоа 107.200 евра.



*На граничниот премин Табановце при излез од државата откриени се и одземени 20.000 евра.*

## Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала

Во 2020 година спречени се 3 обиди на шверц на 1.610 пакетчиња лекови и 17.750 таблети за птици.



*При контрола на товарно моторно возило со скопски регистарски ознаки, управувано од македонски државјанин, извршена на патниот правец Дојран-Граничен премин Дојран од страна на Одделението за оперативни работи, во картонска кутија обвиткана со вреќа за спиење сместена под креветот во кабината на возилото, се пронајдени 247 пакетичиња лекови и 1.200 парчиња медицински игли.*

*При контрола на косовски автомобил, управуван од турски државјанин, на ГП Табановце автопат, мобилните царински тимови под возачкото седиште и во личниот багаж пронајде непријавени лекови – 2.468 таблети, 124 капсули и 5 креми.*




## Спречување нелегална трговија со прехранбени производи

Во 2020 година спречени се 8 обиди на шверц на 1.435 парчиња, 586 килограми прехранбени производи, 54.000 капсули додатоци на исхрана, 195 литри сирупи за слабеење, 19 килограми додатоци за исхрана, 48 килограми кафе и 213 килограми храна за животни.




*При контрола на стока со потекло од Република Турција, наменета за увозник од Гостивар, пријавена за увозно царинење во Царинската испостава Тетово, пронајдени се непријавени 469 килограми локум, 67 килограми прехранбен лепак, 5 килограми прехранбена боја, 7 килограми пишманија и 13 килограми алва.*



*При контрола на македонско патничко комбе, управувано од македонски државјанин, на ГП Табановце автопат, мобилните царински тимови, во картонски кутии и ќеси во багажникот на возилото помеѓу патните торби, пронајдоа непријавени 219 килограми храна за мачки и кучиња.*

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во 2020 година во 6 случаи спречен е обиди на шверц на 64.350 парчиња цигари и 114 килограми тутун.




*Во 2 акции на Царинската управа во соработка со Државниот пазарен инспекторат, спроведени во малопродажни објеки и зелени пазари на територијата на Скопје и Тетово, запленети се вкупно 113 килограми режан тутун и 415 кутии цигари.*

*На ГП Ќафасан при контрола на македонски автомобил управуван од македонски државјанин царинските службеници открија 100 килограми ароматизиран тутун за наргиле, дел во багажникот во просторот за резервна гума покриен со облека, а дел во ќеси од храна за кучиња сместени под возачкото и пред совозачкото седиште покриени со облека.*



*На меѓународниот аеродром „Скопје“ кај македонска државјанка – патник на линијата за Копенхаген, при контрола на чекираниот багаж, откриени се 197 штеки цигари со македонски акцизни маркички.*



## Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи и репроматеријали

Во 2020 година спречени се 13 обиди на шверц на 2.332 готови текстилни производи и модни додатоци.

*На Граничниот премин Табановце автопат, при контрола на патничко комбе со македонски регистарски таблички, управувано од македонски државјанин, пронајдени се 139 парчиња спортска облека (шорцеви, маици со кратки ракави, тренерки и дуксери).*



*На влез во државата на ГП Богородица при контрола на словенечки камион, управуван од босански државјанин, откриени се непријавени 18 женски крзнени бунди, во кабината на камионот сместени во ќеси во преградите и на горниот кревет.*



*На Меѓународниот аеродром „Скопје“, при контрола на два картонски пакети во сопственост на турски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул пронајдени се 283 парчиња ХТЗ опрема (ракавици, шлемови, чевли и елеци).*



*На влез во државата, на ГП Богородица, при контрола на албански камион со стока од Турција наменета за увозник од Албанија, пронајдени се 480 пара спортски обувки со ознаки на заштитени трговски марки за кои постои сомневање дека повредуваат права од интелектуална сопственост.*



## Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена

Во 2020 година спречени е 4 обиди на шверц на 1.239 парчиња козметика, парфеми и средства за хигиена.



*На Граничниот премин Богородица, при контрола на патничко моторно возило со македонски регистарски таблички, управувано од македонски државјанин, пронајдени се вкупно 669 парчиња производи за нега на коса (боја, бланш, серум и маска).*

## Спречување нелегална трговија со други видови стока

Во 2020 година се спречени 27 обиди на шверц на 8.306 парчиња разна стока.

*На граничниот премин Блаце, при контрола на автомобил со македонски регистарски таблички, управуван од македонски државјанин, во багажниот простор кај резервната гума и во внатрешноста на возилото, откриени се 250 паметни часовници „Intelligence Healh Bracelet“ и 150 слушалки „i7 Mini“.*



*При контрола на патни торби на македонски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул откриени се непријавени 26 рачни часовници и 2 сета часовник со синџирче.*



*На Меѓународниот Аеродром „Скопје“ при контрола на багажот на британски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул, откриени се 49 парчиња женски накит (синџирчиња, белегзии, обетки, прстени, плочки и брош) и 1 ќесичка со циркони.*



*На влез во државата на ГП Деве Баир, при контрола на бугарски влекач управуван од македонски државјанин, од страна на мобилните царински тимови пронајдени се непријавени пиротехнички средства – 660 петарди и 36 огномети, во преносен фрижидер во кабината на возилото.*



## Контрола на акцизни стоки во внатрешен промет

*Од страна на полициски службеници од СВР Велес, при контрола на македонско патничко комбе управувано од македонски државјанин, откриени се 480 литри домашна лозова ракија и 40 литри домашна мастика, кои се предадени на мобилните царински тимови за понатамошна постапка, поради тоа што лицето не е регистрирано како земјоделец – мал производител на алкохолни пијалоци.*



## Заштита на права од интелектуална сопственост

Во 2020 година во 26 акции привремено се задржани 69,520 парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

Беа поднесени и одобрени вкупно 55 барања за преземање на царински дејствија и вкупно 98 барања за продолжувања на рокот за преземање на царински дејствија за трговските марки. Беа евидентирани вкупно 26 случаи на сомневање на повреда на права од интелектуална сопственост.

Привремено задржаната стока во овој период е прикажана во следната табела:

| ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Вид на производи | Единица мерка | 2019 | | | | | 2020 | | | | |
| | | | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 427 | 1.061 | 6.393 | 1.177 | 9.058 | 306 | 15.523 | 117 | 0 | 15.946 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 8.315 | 279 | 0 | 203 | 8.797 | 1 | 0 | 349 | 480 | 830 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика и сл. | Парче | 57 | 0 | 1.098 | 0 | 1.155 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | Килограм | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опрема и сл. | Парче | 200 | 20 | 540 | 0 | 760 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 0 | 450 | 0 | 0 | 450 | 0 | 622 | 336 | 2090 | 3.048 |
| 6 | Лекови | Парче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Друго | Парче | 2.020 | 27.633 | 14.180 | 8.933 | 52.766 | 4.637 | 0 | 44.097 | 962 | 49.696 |
| | | Килограм | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | **Парче** | **11.019** | **29.443** | **22.211** | **10.313** | **72.986** | **4.944** | **16.145** | **44.899** | **3.532** | **69.520** |
| | | **Килограм** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржаните чоколади со учество од 62%, текстилните производи со учество од 23%, делови и козметика за автомобили од 5%, играчките со учество од 3%, како и очила за сонце, женски паричници и велосипеди со помало учество. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по оваа основа, доминира Турција со околу 90% и НР Кина со 7%.

| Статистички преглед на привремено задржани предмети и статистички преглед на поднесување и продолжување на барање за преземање на царински дејствија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Вкупен број на донесени одлуки и случаи | 2020 | | | | |
| | | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
| 1 | Број на одлуки за прифаќање на нови барања за преземање на царински дејствија | 21 | 13 | 14 | 6 | 55 |
| 2 | Број на одлуки за прифаќање на барања за продолжувања на рокот за трговските марки | 26 | 16 | 19 | 28 | 98 |
| 3 | Кумулативен број на донесени одлуки | 47 | 29 | 33 | 34 | 153 |
| 4 | Вкупно евидентирани случаи на сомневање на повреда на правата од интелектуална сопсвеност | 8 | 4 | 10 | 4 | 26 |
| 5 | Број на привремено задржани парчиња | 4944 | 16.145 | 44.899 | 3532 | 69520 |

### Контрола на управувањето со странски возила и јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Северна Македонија, во 2020 година Царинската управа привремено нема задржа 96 **патнички моторни возила** и 80 **моторцикли**.

Во 2019 година Царинската управа привремено задржа 9 **патнички моторни возила** и 11 **моторцикли**.

### VI.3.2. Контрола при царинење на стока

Контрола при царинење на стока е контрола на соодветноста на царинските и други документи и стока за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит и привремен увоз на правни лица и нивните управители, но се однесува и на физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти или за нерезиденти.

Врз основа на непосредна царинска контрола при царинење на стока, во 2020 година во 26.621 случаи се откриени несоодветни документи и стока за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои има 20.429 случаи на невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи и стока со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, 518 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, 289 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки за стока со помали увозни давачки, како и 538 случаи на презентирање на други видови несоодветни документи за стока заради избегнување на плаќање на увозни давачки и на мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 497.68 милиони денари на име увозни давачки.

За споредба, во 2019 година во 31.962 случаи беа откриени несоодветни документи за стока за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, со кои увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 664,18 милиони денари на име увозни давачки.

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на увоз на употребувани патнички моторни возила, употребувана стока, отпадно железо, рекламен материјал, обувки, делови за мебел, синтетичка метража, лекови,

стоматолошки инструменти, леќи, фустани, овошје, зеленчук, прехранбени производи, поштенски пратки и др. Откриени се случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки и се направени записници за потеклото на стоките.

### VI.3.3. Пријавени девизи

Во 2020 година, на граничните премини во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно парични средства во противвредност на 6.054.194 евра, сите на влез во Република Северна Македонија. Во просек се пријавени по 504.516 евра месечно.

Од вкупно пријавените девизи 4.598.540 се евра, 50.812.000 се македонски денари, 347.870 се швајцарски франци, 254.900 се американски долари, 77.000 се британски фунти, 217.000 се дански круни и 6.000 се канадски долари.

Во однос на царинските испоставици, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (противвредност на 2.656.437 евра или 43.88%), ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 1.199.910 евра или 19.82%) и ЦИ Богородица (противвредност на 864.795 евра или 14.28%).

Во 2020 година пријавени се за 64,39% помалку парични средства во однос на истиот период во 2019 година.

### VI.3.4. Царинска лабораторија

Во 2020 година, во Царинската лабораторија за анализа се **примени 138 мостри**. Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбената индустрија и производи од хемиска индустрија.



Притоа, од вкупно примените 138 мостри во 2020 година, како и од мострите примени во претходните месеци, а кои се завршени во 2020 година, во 22 случаи е констатирано дека стоката била распоредена во **несоодветна тарифна ознака**. Кај сите случаи промените се извршени врз основа на лабораториска анализа

Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со пониска или повисока царинска стапка или стапка на ДДВ, поради што е наложена **дополнителна наплата** на **околу 0,46 милиони денари** јавни давачки.

Во 2019 година беа примени 320 мостри за анализа. Во 47 случаи имаше несоодветно тарифно распоредување, при што беше наложена дополнителна наплата на јавни давачки во износ од околу 3,5 милиони денари.

### VI.3.5. Резултати од постцаринска контрола

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.

Во 2020 година ОКТД[27] при 111 контроли на трговски друштва на податоците за увоз, извоз, поедноставени постапки, одобрен извозник, увоз за облагородување, царинско складирање и царинско застапување, и по основа на претходно започнати контроли откри 31 случај на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 27,12 милиони денари и 8 случаи на непридржување кон царинските прописи. Обидите за избегнување царински и други давачки се однесуваат на пуштање на стока во слободен промет без истата да е увозно оцаринета, непријавени транспортни трошоци, трошоци за продолжување гарантен рок, надоместоци за лиценци, неправилно тарифно распоредување и др. При извршени 5 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво не се откриени обиди за барање на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот. При извршени 46 контроли на иматели на акцизни дозволи или одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, како и по основа на завршување на претходни контроли откриени се 23 случаи на помалку платена акциза во износ од околу 371,03 милиони денари и се утврдени 4 акцизни прекршоци.

Во 2019 година, при извршени 92 контроли на трговски друштва на податоците за увоз, поедноставени постапки, одобрен извозник, увоз за облагородување и царинско складирање, ОКТД откри 29 случаи на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 21,85 милиони денари и 8 случаи на непридржување кон царинските прописи. Обидите за избегнување увозни давачки се однесуваат на пуштање на стока во слободен промет без истата да е увозно оцаринета, непријавени транспортни трошоци, трошоци за продолжување гарантен рок, надоместоци за лиценци, неправилно тарифно распоредување и др. При извршени 29 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво откриени се 3 обиди за барање на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот. При извршени 54 контроли на иматели на акцизни дозволи или одобренија и на регистрирани трговци со минерални масла кои содржат материи за обележување на горивата откриени се 29 случаи на помалку платена акциза во износ од околу 76,35 милиони денари и се утврдени 21 акцизен прекршок.

### VI.3.6. Преземени правни мерки за откриените неправилности

Покрај непосредно наложување (со записник) на плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

[27] ОКТ – Одделение за контрола на трговски друштва

### VI.3.7. Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во 2020 година Царинската управа на име **дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ** донесе 1.680 решенија во вкупен износ од околу 435,10 милиони денари, од кои:

- 128 решенија за дополнителна наплата во вкупен износ од околу 13,12 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки;
- 5 решенија за дополнителна наплата во вкупен износ од околу 0,53 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот;
- 153 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 14,67 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот;
- 409 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 29,84 милиони денари по други основи и
- 985 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 376,94 милиони денари поради непочитување на акцизната регулатива.

За споредба, во 2019 година Царинската управа на име **дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ** донесе 1.254 решенија во вкупен износ од околу 151,60 милиони денари.

### VI.3.8. Кривични пријави

Во 2020 година Царинската управа поднесе 24 **кривични пријави** против 28 **физички** и 12 **правни лица**, додека минатата 2019 година Царинската управа поднесе 46 кривични пријави против 50 физички и 19 правни лица.

### VI.3.9. Córинcки, девизни и акцизни прекршоци

Во 2020 година поднесени се 358 **прекршочни пријави** од кои 342 за царински прекршоци, 11 за девизни прекршоци, 1 за повреда на права од интелектуална сопственост и 4 за акцизни прекршоци. Од вкупно поднесените пријави 242 се однесуваат на физички лица и 116 на правни лица.

Во 2019 година беа поднесени 825 **прекршочни пријави** од кои 786 за царински прекршоци, 23 за девизни прекршоци и 16 за акцизни прекршоци. Од вкупно поднесените пријави 412 се однесуваат на физички лица и 413 на правни лица.

Во 2020 година решени се вкупно 689 **прекршочни предмети** и притоа на сторителите им е изречена **глоба во износ од околу 10,1 милиони денари**. Во 368 предмети покрај глобата изречена е и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 10 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизни средства, кои во денарска противредност изнесуваат околу 4,2 милиони денари.

Во 2019 година беа решени 969 **прекршочни предмети** и притоа на сторителите им е изречена **глоба во износ од околу 26,1 милиони денари**.

Во 2020 година се изречени 2.323 **мандатни казни** против 499 **физички лица,** 912 **одговорни лица во правни лица** и 912 **правни лица**, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 13,97 милиони денари.

Во 2019 година беа изречени 3.465 **мандатни казни** против 723 **физички лица,** 1,371 **одговорни лица во правни лица** и 1,371 **правни лица**, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 56,7 милиони денари.

## VI.4. Учество во меѓународни активности

Во 2020 година Царинската управа зеде учество во:

- **Меѓународен проект „Global Shield"**, фокусиран на следење на увоз и извоз на хемикалии и други производи што може да се користат за изработка на експлозивни направи. Проектот е континуиран и во него учествуваат сите членки на СЦО.
- **Операција „SHIELD (Safe Health Implemetation, Enforcement and Legal Development)"** е организирана од Еуропол, со подршка на OLAF[28], Интерпол, WADA[29] и приватниот сектор, а нејзина главна цел е намалување на присуството на нелегални и потенцијално опасни супстанции на пазарот, со посебен фокус на допинг супстанции, хормонални супстанции, фалсификувани лекови, нелегална трговија со онколошки лекови и фалсификувани додатоци во исхраната.
- **Операција „Opson IX"**, организирана од Интерпол и Еуропол, а фокусирана на спречување на криумчарењето и измамите во трговијата со прехранбени производи и пијалоци, трговијата со фалсификувани прехранбени производи и пијалоци и трговијата со субстандардни прехранбени производи и пијалоци.
- **Операција „Eclipse IV"**, организирана од SELEC[30], е фокусирана на борбата против криумчарењето и нелегалната трговија со цигари, цигарилоси, пури, суров тутун и тутун за пушење, материјали за производство на тутунски производи и машини за производство на тутунски производи и нивни резервни делови.
- Работата на Оперативната единица за координација на **операцијата „ECLIPSE IV"**реализирано во периодот 20-22.01.2020 година, во просториите на SELEC во романскиот парламент во Букурешт.
- **Заедничка полициско-царинска операција „Lake 2020",** организирана и координирана од Еуропол, е фокусирана на борбата против нелегалната трговија со

[28] OLAF – European Anti-Fraud Office (Европска канцеларија за борба против измами)
[29] WADA – World Anti-Doping Agency (Светска агенција за борба против допинг)
[30] SELEC - Southeast European Law Enforcement Center (Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа)

подмладок на европски јагули[31], заштитени со Додаток II од Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови[32].

- **Работилница за обука на царините во рамките на проектот „SWEAP[33]"**, организирана од IMPEL[34], која беше реализирана во периодот 9-12.03.2020 година во Тирана, Албанија.
- **Операција „Covid – Fact Finding"**, организирана од Интерпол, е фокусирана на идентификување и анализа на случаи со фалсификувани или нелегално дистрибуирани лекови, медицински уреди и медицинска и заштитна опрема.
- **Операција „Stop"**, организирана од СЦО, е фокусирана на спречување на трговијата со фалсификувани, недозволени и супстандардни лекови, како и сите видови на стоки, вклучително и медицински материјали и опрема, поврзани со пандемијата Ковид-19, што може да претставуваат закана за здравјето и безбедноста на потрошувачите.
- **Операција „Retrovirus"**, организирана и координирана од Еуропол, е фокусирана на спречување на несовесното собирање, транспортирање, управување и евентуалното отстранување на санитарниот (медицинскиот) отпад со потекло од здравствените установи или кои било други установи во кои се одвива санитарна активност во врска со случаи на Ковид-19, согласно меѓународните, ЕУ и националните законодавни рамки и конвенции.
- **Операција „Thunder 2020"**, организирана од Интерпол и Светската царинска организација, а фокусирана на спречување на нелегалната трговија со животни и растенија и криминалот поврзан со шумите.
- **Операција „Demeter VI"**, организирана од Светската царинска организација, а фокусирана на спречување на нелегалната трговија со опасен отпад и сите други видови на отпад, со акцент на пластичен отпад и медицински отпад во контекст на Ковид-19, како и супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка[35] и хидрофлуорокарбонати[36], контролирани според Базелската конвенција и Монтреалскиот протокол, соодветно.
- **Полициско-царинска акција „Joint Action Day South East Europe 2020 (JAD South East Europe 2020)"**, координирана од Шпанија во соработка со Европол,

---

[31] „European eels" – научно име „Anguilla anguilla", исто така познати како стаклени јагули – „glass eels"
[32] Convention on the International Trade in Endangered Species - CITES (Appendix II)
[33] SWEAP – The Shipement of Waste Enforcement Action Project (Прокет за активности за спроведување на законодавството при превоз на отпад)
[34] IMPEL – European Union Network for the Implementation and Enforcement of Environmental Law (Мрежа на ЕУ за имплементирање и спроведување на законодавството за заштита на животната средина)
[35] ODSs – Ozone Depleting Substances
[36] HFCs - Hydrofluorocarbons

насочена против недозволената трговија со огнено оружје и муниција, недозволената трговија со дрога и илегалната миграција.

- **Меѓународна царинско-полициска операција „Pandora V“**, организирана во рамки на ЕУ **„Empact“** иницијативата, фокусирана на нелегалната трговија со културни добра.
- **Меѓународна операција „ARMSTRONG VII“**, фокусирана на борба против нелегалната трговија со оружје, делови за оружје и муниција, во поштенски пратки и брзи пратки, организирана од страна на Австрија, во соработка со Шпанија и Шведска.
- **Меѓународна операција „OPSON X“**, организирана од Интерпол и Еуропол, фокусирана на фалсификувана храна и пијалоци, субстандардна храна и пијалоци, нелегални ланци за снабдување со храна и пијалоци, измами со храна и пијалоци, економски мотивирана замена или додавање на супстанции во производот (ЕМА), безбедност на храна и пијалоци и нелегално движење на добиток и семиња и агрохемиски производи.
- Пост-оперативниот состанок за **меѓународната операција „LYNX, Western Balkans“**, организирана од СЦО, фокусирана на спречување на сите видови на прекуграничен криминал.
- Во 2020 година Царинската управа внесе во **CEN**[37] **базата** податоци за 144 заплени, достави 31 информација за запленета стока до SELEC центарот, достави 1 информација за заплена на дрога до ZKA Балкан инфо[38] и 4 информации за заплена во „Containercom“ комуникацискиот систем на СЦО.

[37] CEN – Customs Enforcement Network (Царинска мрежа на податоци за спречување на криминалот)
[38] Balkan Route Data Collection and Dissemination System (Balkan Info) – Систем за собирање и дистрибуција на податоци за Балканската рута (Балкан Инфо), координиран од Германската служба за царински криминал (ZKA)

# VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## VII.1. Односи со јавноста

Транспарентноста на една институција е клучна при воспоставувањето на добри односи со сите целни групи и градење на поволен публицитет, добар институционален имиџ и спречување или решавање на несакани појави. Во таа насока, во 2020 година редовно се објавуваа соопштенија за активностите на Царинската управа, воведените новитети во царинското работење, како и за откриена непријавена и фалсификувана стока и царински измами.

### VII.1.1. Позначајни настани

**Одбележан 26 Јануари - Меѓународниот ден на царината**



Царинската управа, како и секоја година, и во 2020 година се вклучи во одбележувањето на 26-ти јануари – Меѓународниот ден на царината. Оваа година се празнува под слоганот „Царина се грижи за одржливост на граѓаните, просперитетот и планетата“, со посветеност на заедничките заложби за обезбедување на меѓународниот синџир на снабдување и обезбедување на современите и посебни потреби на граѓаните и општеството.

По овој повод Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, традиционално додели благодарници од Кунио Микурија, генерален секретар на СЦО на лица, институции и организации, кои со своите активности и заслуги се издвојуваат со проактивното делување за обезбедување на одржлив напредок за граѓаните, општеството и планетата. Како признание за максималната посветеност и ангажираност благодарница примија и царинските службеници, кои посебно се истакнаа со дадената поддршка при примената на Новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) и промената кон дигитална трансформација.

**28 години Царинска управа**



На 14-ти април се одбележаа 28 години самостојност на Царинската управа, стекнат суверенитет и контрола врз царинското подрачје на Република Северна Македонија.

Во рамки на активностите за одбележување на Денот на Царинската управа, преку традиционално доделување на плакети со повелби беше изразена благодарноста кон постојаните соработници и партнери: на Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево за придонесот во унапредување на угледот на службата, меѓусебната соработка и навремено информирање на граѓаните за сите мерки кои имаат за цел побрз и непречен проток на патници, возила и стока преку ГП Делчево; на Томислав Ванчев, ИТ програмер во СЕМОС Скопје, за покажаната голема професионалност, посветеност и ентузијазам во поддршката при имплементацијата и ставањето во функција на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи – СОЦДАД; на Анастас Маженковски, помошник директор на Секторот за акцизи во Царинската управа, за особен придонес во подготовката и имплементацијата на новиот Закон за акцизи, Законот за данок на моторни возила и успешна реализација на модулот Акцизи во СОЦДАД.

### VII.1.2. Меѓународна соработка

**Царинската управа со највисока оценка во извештајот на Европската Комисија за 2020 година**

Царинската управа како дел од подготовките за влез на Република Северна Македонија во Европската Унија во континуитет воведува нови информатички системи поврзани со спроведување на царинските постапки. Целта е поедноставување и рационализирање на сите царински процеси и постапки преку имплементирање на електронска и бесхартиена околина во Царинската управа и интегрирање со системите на ЕУ.

Доказ за успешно преземените активности за олеснување на царинските постапки е и признанието кое Царинската управа го доби во овогодинешниот извештај на ЕК за напредок на Република Северна Македонија во пристапувањето кон ЕУ.

Поглавјето 29 – Царинска Унија ја има највисоката оценка која е дадена во овој извештај со заклучок дека Царинската управа има постигнато добар напредок во претходната година и одржува добро ниво на подготовка во делот на Царинската Унија.

Концептот дигитална царина е веќе реалност и е нотирано во самиот извештај на ЕК каде се констатира „Земјата заврши, примени и одржува нов електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)“.

Во извештајот се истакнува и дека е воспоставен едношалтерски систем за контрола на границата со Србија („One Stop Shop“) кој резултира со поуспешни стапки на откривање на

нелегални прекугранични активности, а со тоа се зголемува безбедноста. Со воспоставување на новиот начин на работа и заедничката гранична контрола на службите на двете земји, коридорот 10 стана поатрактивен и поефикасен за вршење извоз, увоз и транзит на стоки Ваков систем на заеднички контроли е во тек на воспоставување со Република Албанија каде што веќе започна со работа новоизградениот царински терминал.

Кон добрата оценка за поглавјето 29, придонесоа и високата усогласеност на царинското законодавство со законодавството на ЕУ, воведувањето на концептот на Овластен економски оператор (ОЕО), подобрената меѓу-институционална соработка, учеството во меѓународни операции за борба против недозволена трговија со дрога, фалсификувана стока и лекови, акцизна стока, оружје, експлозиви, опасен отпад и хемикалии, диви животни и растенија, културни добра и борба против трговија со луѓе, и др.

Во наредниот период претстои вистински ангажман во домен на консолидација и целосна примена на постоечките ИТ системи, нивна надградба и одржување, континуитет во работењето и целосна имплементација на Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

**Британска амбасада донираше нова софистицирана опрема за пребарување возила**

Управата за царински работи и приходи на Обединетото Кралство на Царинската управа на Република Северна Македонија, во јануари 2020 година, ѝ донираше нов софистициран рачен скенер за пребарување возила, што ќе го користат мобилните тимови во своите операции на спречување и откривање на закани, како стандардно применувано средство во секојдневното оперативно работење.




Високо се цени поддршката и воспоставената соработка со царинските органи на Обединетото Кралство, што се остварува со фокусирање на подобрувањето на постојните и примената на нови техники и модалитети на работење, преку размена на информации и најдобра практика во областа на борбата против криминалот, како и забрзување на царинските постапки и трговијата.

## Презентирана новата опрема за царинската лабораторија



На 22 јануари, во просториите на царинската лабораторија свечено се промовираше високо софистицираната опрема набавена благодарение на Европската комисија преку ИПА програмата. Опремата во вредност од 372.650 ЕУР претежно е наменета за анализа на акцизни стоки, производи од хемиската индустрија и други стоки кои се контролираат од аспект на избегнати давачки или подлежат на забрани или ограничувања.

Набавени се инструменти и помошна опрема за примена на хроматографски техники со кои се испитуваат обележувач во црвена нафта, содржина на алкохол во алкохолни пијалоци, содржина на шеќери и масти во прехранбени производи и сл.

## Донација за Царинската управа преку програмата EXBS на Амбасадата на САД



На граничниот премин Блаце на Царинската управа ѝ беше донирана заштитна опрема и техничка опрема која се состои од 3 лаптоп-компјутери преку програмата EXBS на Амбасадата на САД, која ќе служи како надополнување во подобрувањето на капацитетите за системот за контрола, со цел поуспешна борба против недозволената трговија од секаков вид, оружје за масовно уништување и други видови на закани.

Изминатиот период програмата преку соодветна поддршка во голема мерка придонесе кон унапредување на подготвеноста за соодветен одговор на можните закани по безбедноста на државната граница, односно спречувањето на недозволената прекугранична трговија која претставува закана за економските и безбедносните интереси на своите жители. Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, истакна дека високото ниво на техничката опременост на граничните премини е од особена важност за успех во откривачката дејност на царинските службеници. Перманентното работење на подобрување на методологиите и способностите значи обезбедување на поголема безбедност и сигурност на границата, но и на личната безбедност на вработените и патниците.

## Состанок со делегација на царината на Австрија

На 28 јануари во Царинската управа се одржа билатерален состанок со високи претставници на Царината на Австрија, на кои меѓу другото се презентираа и детали за претстојните активности од новиот ИПА проект кој ќе биде фокусиран на поглавјата 16 – Оданочување и 29 – Царинска унија, а кој ќе се реализира со експертска помош на Австрија.



Делегацијата од Австрија беше предводена од Бетина Вогл-Ланг, заменик директор на Царината на Австрија, која во воведниот дел оствари заедничка средба со Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа и Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи, на која присуствуваше и Н.Е. Георг Вуцас, амбасадор на Австрија во Македонија. На средбата беше изразено задоволството од досегашната соработка и беа изнесени очекувањата од идните заеднички проекти каде македонските национални институции со голема доверба и благодарност се потпираат на помошта и професионалното искуство на колегите од Австрија.

## Пуштен во употреба граничниот премин Белановце-Станчиќ

Официјално е пуштен во употреба граничниот премин Белановце-Станчиќ, којшто ги поврзува регионите на Куманово и Гњилане во Косово. Преминот овозможува поврзување на граѓаните од соседните општини од двете држави и се очекува да ја подобри бизнис комуникацијата и трговската размена.



Граничниот премин е изграден со средства од ЕУ, преку ИПА програмата. Објектот чини 1,2 милиони евра, обезбедени од ЕУ со поддршка на државата од 10 проценти. Изградбата на патот од село Слупчане до граничниот премин Белановце во должина од 15 километри е финансиран од страна на државата и чини 6 милиони евра.

## Царинската управа – дел од новиот проект „Нови можности за безбеден зимски авантуристички туризам"

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, на 12 февруари присуствуваше на настан кој се оддржа на Граничниот премин „Свети Наум" и со кој се одбележа почетокот на новиот проект „Нови можности за безбеден зимски авантуристички туризам" кој е директно поддржан од Европската Унија преку програмата за прекугранична соработка со Република Албанија.




Царинската управа како одговорна институција за прометот на стоки преку државната граница воспоставува соработка за координација меѓу сите субјекти кои учествуваат во системот за спасување на планина и непристапни терени. Преку овој проект Царинската управа се стреми кон светските трендови за општествена одговорност со активна вклученост и дава свој придонес во зголемување на безбедноста на туристите и поддршка за нивни непречени спортски активности, со цел целосно да ја доживеат атрактивноста на овој регион, а со тоа да се зголеми бројот на туристи и во двете земји. Присуството на албанската делегација составена од Мирела Меко, директор за меѓународна соработка и европска интеграција и Гентјан Бербери, управник на Царинарница Ќафтане се искористи за остварување на билатерална средба на која се разговараше за воспоставување заеднички гранични контроли помеѓу двете држави на граничниот премин Ќафасан (Република Северна Македонија)-Кафтане (Република Албанија).

## Неформален регионален состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан

Петтиот неформален регионален состанок на директорите на Царинските управи од Западен Балкан се одржа во Охрид, на 28 февруари 2020 година. Главната цел на состанокот беше подготовка на заеднички пристап на царинските служби од регионот со цел унапредување на економската соработка во Западен Балкан и справување со проблемите со кои се соочува Западен Балкан.



Овие цели ќе се остварат преку прифаќање на идејата за создавање на регионална економска област и ЕУ фондови за поддршка на инфраструктурата во овие земји, во контекст на Берлинскиот процес и Самитот во Трст, што се одржа во јули 2017 година. Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, ги истакна најзначајните резултати што се постигнати во рамки на овие состаноци: отворен заеднички Граничен премин Табановце-Прешево, преговорите за отворање на заеднички граничен премин помеѓу Република

Северна Македонија и Република Албанија, поголемо разбирање и примена на концептот на Овластен економски оператор, поголема соработка помеѓу службите со цел да се обезбеди поголема безбедност и сигурност во прекуграничната трговија, повеќе заеднички регионални акции, како и неколку донесени одлуки во рамките на ЦЕФТА кои влијаат врз забрзувањето на протокот на стоки и патници. Останува посветеноста на размената на податоци преку електронски инструменти и воведување на заедничко управување со ризици, согласно усвоената Регионална стратегија за заедничко управување со ризиците, како и Акцискиот план на ЦЕФТА.

**Работна посета на холандскиот амбасадор на Царинска управа**

Дирк Јан Коп, амбасадор на Холандија, на 3 март 2020 година, оствари работна средба со Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа. На средбата беше оддадено признание на Република Северна Македонија за напредокот постигнат во изминатиот период, а посебен осврт се даде на напредокот на Царинската управа на сите полиња, особено на полето на дигитализацијата и развој на информатичките системи кон постигнување на целосна бесхартиена околина.



Беше поздравена иницијативата за зголемување на регионалната и меѓународната соработка со цел олеснување на сите царински процедури.

**Продолжува успешната соработка со Царинската и даночната служба на Обединетото Кралство**

Во просториите на Царинската управа се одржа протоколарна средба меѓу Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа со г-ѓа Ема Харпер, претставник на Британската Амбасада во Скопје. На средбата беше оддадено признание кон Република Северна Македонија за напредокот постигнат изминатиот период на сите полиња.



Посебен акцент се стави на досегашната успешна соработка на македонската и британската Царина, како и идните планови за интензивирано делување за олеснување на транспортот и трговијата. Соработката меѓу царинските служби во домен на размена на информации, искуства, знаења во борбата за сузбивање на недозволив проток на стоки, нелегална трговија со дроги и други опојни супстанци и други облици на криумчарење е од особена важност. Беа претставени идните проекти и планови за интензивирање на македонско-британската соработка.

**Протоколарна средба меѓу директорот на Царинската управа со бугарскиот конзул и аташето во Скопје**

Во просториите на Царинската управа се одржа прва протоколарна средба меѓу Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, Георги Христов, конзул од Бугарската амбасада во Скопје и Мартин Захариев, аташе. На средбата директорот ги претстави идните проекти и планови на Царинската управа за унапредување на инфраструктурата и осовременување на граничните премини кон Република Бугарија, со крајна цел олеснување на транспортот и трговијата.



Беше посочено дека соработаката меѓу двете царини ќе продолжи и во иднина во насока на обезбедување подобри услови на граничните премини кои ќе придонесат кон побрз проток на патници и стоки.

**Состанок со UNODC за информирање и договарање на заеднички активности во рамки на регионален проект**

На 12 август во просториите на Царинската управа се одржа состанок помеѓу делегација на Царинската управа предводена од Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, и претставници на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC)[39], на кој беше презентирана програмата на UNODC што се спроведува во регионот и во земјата, со посебен осврт кон заедничкиот проект на Европската унија и UNODC за промовирање на владеењето на правото и добро управување преку насочени мерки за гранична контрола на пристаништа и аеродроми.



Проектот се спроведува од јануари 2020 година во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Србија, Република Северна Македонија и Косово, а ќе трае до декември 2023 година. Предвидено е заедничко делување согласно Програмата за контрола на контејнери на UNODC и Светската царинска организација[40] и Проектот за комуникација на аеродром на UNODC, СЦО и Интерпол[41]. Се очекуваат придобивки во доменот на зајакнување на капацитетите за сузбивање на организиран криминал и поефикасно и поуспешно координирање на активностите на пограничните служби задолжени за спроведување на

[39] UNODC – United Nations Office on Drugs an Crime
[40] UNODC-WCO Container Control Programme
[41] UNODC-WCO-INTERPOL Airport Communication Project

закон на граничните премини на копно и во пристаништата, како и на аеродромите. Претстои оформување на три контролни служби за авио сообраќај во Скопје, Сараево и Белград, по третходно воспоставување на пристанишните контролни служби во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово. Активностите и делувањата што ќе произлезат од проектот ќе резултираат во подобри резултати во примена на Конвенцијата за дрога и криминал на ОН и на европското законодавство, особено во домен на Поглавјата 23 и 24 кои опфаќаат прашања на организиран криминал, владеење на правото, добро управување и безбедност.

**Активности на ЦЕФТА**

На 20-ти март 2020 година, на иницијатива на Царинската управа како претседавач со Поткомитетот за царина и правила на потекло во рамките на ЦЕФТА, преку видео-конференциска врска се одржа состанок на експерти – претставници на членките на ЦЕФТА, ЦЕФТА Секретаријатот, Советот за регионална соработка, Заедницата за транспорт, Генералниот директорат за проширување на ЕУ и Генералниот директорат за даноци и Царинска унија.



Се разговараше за потреба за обезбедување на слободен транзит во рамките на ЦЕФТА, особено на основните стоки – медицински материјали и средства и прехранбени продукти, соработка со агенциите вклучени во царинење на стоката, електронска размена на информации пред пристигнување на основните стоки помеѓу членките на ЦЕФТА и можно поврзување со земјите членки на ЕУ. Беше донесен заклучок дека треба да се следи континуирано ситуацијата со здравствената криза и да се донесат соодветни мерки за олеснување на протокот на стоки преку постапување според соодветни приоритети на граничните премини, особено за транспорт на медицински материјали и средства и прехранбени продукти. Беше предложено да се воспостави зелен коридор и приоритетни ленти за транспортот на прехранбени продукти и медицинска опрема во рамките на ЦЕФТА, но и со земјите членки на ЕУ во регионот.

Во организација на Царинската управа во рамки на македонското претседателство со ЦЕФТА Поткомитетот за царина и потекло на стоки, се одржа 19-тиот состанок на поткомитетот, на 14 мај 2020 година, преку видео-конференциска врска.



На состанокот присуствуваа високи претставници од царинските управи и министерства на ЦЕФТА земјите (Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Србија и Косово),

претставник на ЕФТА[42] земјите, како и директорот на Секретаријатот на ЦЕФТА, високи претставници на Европската Комисија, Светска банка, ИФЦ[43] и транспортната заедница на ЕУ. На состанокот беа изложени и објаснети приоритетите на Царинската управа во однос на претседателството со ЦЕФТА поткомитетот, како и прашањата за суштинско олеснување на трговијата. Една од главните теми на состанокот е и отпочнувањето на меѓународно признавање на сертификатот за Овластен економски оператор – ОЕО на ниво на ЦЕФТА, со кое во голема мера ќе се олесни протокот на стока на македонските оператори, ќе се забрзаат царинските постапки, ќе се намалат трошоците и секако ќе се зголеми нивната конкурентност, а се разговараше и за воведување на заедничко официјално лого за ОЕО во ЦЕФТА[44]. Искажано е задоволство од брзото воспоставување и досегашното функционирање на зелените коридори, а се дискутираше и за примена на истите коридори во иднина за стоки на овластените економски оператори и за расипливи стоки. Втор приортитет на кој беше укажано од македонска страна беше Конвенцијата за потекло на стоки – ПЕМ конвенцијата[45], преку склучување договори за слободна трговија со ЕУ, што всушност ќе биде олесување за македонските економски оператори, зголемување на нивната конкурентност, особено на оние кои извезуваат во земјите на Европската унија и ПЕМ зоната.

Агендата на состанокот опфати и активности на ЦЕФТА страните за новиот Повеќегодишен план за Регионална економска област (MAP REA 2).[46]

Следниот состанок одржан во јули беше посветен на договарање за идните мерки и активности за понатамошно олеснување и забрзување на трговијата и прекуграничниот проток.

Врз основа на позитивните искуства и остварените очекувања, не само на царинските служби, туку и на сите чинители вклучени во меѓународната трговија, се заклучи дека воведените и функционални зелени коридори треба да останат во функција и во иднина, до завршувањето на пандемијата. Заклучено е дека истите коридори треба да се применуваат и потоа и за други видови стоки на овластените економски оператори и за расипливи стоки.

Се презентираа искуствата во воведувањето на заеднички гранични контроли („One-Stop-Shop") на одредени гранични премини во регионот, а поради нивните позитивни влијанија во забрзувањето на прекуграничниот промет, беше упатен апел да се разгледаат можностите за воведување на ваквиот принцип на работа и на други премини.

На состанокот е споделена и информација дека покрај Царинската управа на Република Северна Македонија уште една царинска управа, таа на соседна Србија е подготвена за

---

[42] EFTA – European Free Trade Association (Европската асоцијација за слободна трговија)
[43] IFC – International Finance Corporation (Меѓународна финансиска корпорација – организација сестра на Светска Банка и членка на World Bank Group – најголема глобална институција за развој фокусирана на приватниот сектор во земјите во развој)
[44] Authorized Economic Operator in CEFTA
[45] PEM - Pan-Euro-Mediterranean convention (Пан-Евро-Медитеранска конвенција)
[46] MAP REA 2 – Multi-annual Action Plan on regional Economic Area

отпочнувањето на меѓународно признавање на сертификатот за Овластен економски оператор – ОЕО на ниво на ЦЕФТА.

Во рамки на ЦЕФТА конференцијата „Гледајќи наназад движејќи се нанапред“[47] одржана во февруари во Тиват, Црна Гора, во организација на GIZ[48], ЦЕФТА и Европската комисија, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, како панелист и претседавач на Поткомитетот за царина на ЦЕФТА ги презентираше постигнувањата на Царинската управа во областа на олеснувањето на трговијата и дигитализацијата.




Активностите на Поткомитетот за царина и потекло во рамки на ЦЕФТА, вклучија организирање на официјална посета на Граничниот премин Табановце со високи претставници на ЦЕФТА Секретаријатот, ЕУ Транспортната заедница и Советот за регионална соработка, реализирана на 22 септември. Претставниците на меѓународните организации претстојуваа во Скопје за подготовки на нови Повеќегодишни акциони планови за Регионална економска област во Западен Балкан[49]. Фокусот на оваа економска област останува на дигитално интегрирање, мобилност, трговија и инвестирање.

Освен со принципот на функционирање на зелените коридори, претставниците на меѓународните организации се запознаа и со постапките на „One Stop Shop“ (контрола со само едно запирање), што се применува со соседна Република Србија од 26 август 2019 година, за забрзано одвивање на патниот и товарниот сообраќај, во согласност со одредбите на меѓународниот договор. Двете страни во континуитет се залагаат за унапредување и максимално искористување на предностите кои ги нуди ваквиот начин на работење, максимално искористување на расположливите ленти, натамошно адаптирање на инфраструктурата на граничниот премин (кај товарниот сообраќај) и техничко доекипирање.

Во рамки на посетата на Граничниот премин Табановце, се одржа и официјален состанок со високите претставници меѓународните организации и царинските колеги од Србија, на кој исто така тема на разговор беа концептот на заеднички гранични контроли „One Stop Shop“ и зелените коридори. Се дискутираше и како и понатаму да се развиваат и проширувааат зелените коридори, по можност и со земјите-членки на Европската Унија.



[47] „Looking back and moving forward“
[48] GIZ - Германско друштво за меѓународна соработка
[49] Multi-annual Action Plan on Regional Economic Area in the Western Balkans

Зелените коридори и силно регионално интегрирање и понатаму ќе бидат приоритет за Царинската управа и тие ќе бидат важен елемент во новиот Акциски план за Регионална економска област 2, што во ноември оваа година треба да бидат усвоени на Самитот во Скопје и Софија во рамки на Берлинскиот процес за Западен Балкан.

На 23 септември во просториите на Царинската управа се одржа подготвителен состанок со високи претставници на ЦЕФТА Секретаријатот, за подготовка на следниот Поткомитетот за царина и правила на потекло, планиран за октомври 2020 година. Се разговараше за предлог-темите за дискусија кои би можеле да бидат опфатени со Агендата на следниот состанок.



Во рамките на македонското претседавање со Поткомитетот за царина и правила на потекло во рамките на ЦЕФТА (до декември 2020 година) главни приоритети остануваат понатамошното олеснување на трговијата со стоки, поголема интеграција на ЦЕФТА пазарот со пазарот на ЕУ и промовирање на е-трговијата и безхартиената царина.

На 29-ти септември 2020 година Договорните страни на ЦЕФТА преку видео-конференциска врска одржаа консултативен состанок за договарање на активностите за дополнително олеснување на движењето на стока, што ќе бидат опфатени со следниот Повеќегодишен акциски план – Регионална економска област 2021-2024 (MAP REA 2021-2024), што во ноември оваа година треба да бидат усвоени на Самитот во Скопје и Софија во рамки на Берлинскиот процес за Западен Балкан.




Поддршка во организација дадоа Проектот на USAID за економски развој, владеење и развој на претприемчивост и Програмата за поддршка на олеснувањето на трговијата (TFSP)[50] на Меѓународната финансиска корпорација.

Преку дискусија се договараа областите на спроведување на реформи и посебните активности што ќе се реализираат во рамки на ЦЕФТА во периодот 2021-2024, за натамошно подобрување на соработката во доменот на трговијата на регионално ниво и намалување на времето и трошоците во трговската размена. Се ревидира сегашниот Повеќегодишен акционен план за Регионална економска област (MAP REA), со констатирање на досегашните остварувања на овој план и предлагање на нови мерки и активности за реформи кои треба да обезбедат инегрирање на регионот во повеќе домени, вклучувајќи го тука и олеснувањето на слободното движење на стока.

[50] TFSP – Trade Facilitation Support Program

Во рамки на состанокот беа опфатени теми со фокус на повеќе области како: одржување на зелените коридори, зајакнати контроли, взаемно признавање (со осврт кон воведувањето на концептот на ОЕО), управување со ризик, Систем за електронска размена на податоци SEED+, усогласување и соработка со ЕУ (правила за потекло и ОЕО, транспарантност).

**Почеток на нов проект на GIZ за понатамошно зајакнување на економската интеграција помеѓу ЦЕФТА страните**

На 28-ми јули 2020 година Европската Комисија и Германското федерално министерство за економска соработка и развој реализираа виртуелен почетен состанок за нов проект „Поддршка на регионалната економска интеграција" за Западен Балкан и Република Молдавија, финансиран со вкупен буџет од 5,35 милиони евра. Се работи за тригодишен проект имплементиран од GIZ, кој има за цел да ги зајакне трговските односи и понатамошното продлабочување на економската интеграција помеѓу страните на ЦЕФТА и ќе помогне во понатамошниот развој на олеснувањето на трговијата и трговијата со услуги, според договорот со ЦЕФТА. Проектот преку подобрување на трговските процедури и регулативи ќе придонесе да се подобри ефикасноста на синџирите на снабдување во регионот и да се намалат трошоците за деловните активности. Во соочување со кризата со Ковид-19 и настанатите социјално-економски влијанија, сè поважно е промовирањето на активностите што ја олеснуваат трговијата.

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија и претседавач на Поткомитетот за царини и потекло на стоки во ЦЕФТА изјави дека проектот обезбедува вредна поддршка на ЦЕФТА за унапредување на регионалната и европската агенда за економска интеграција и дека овој проект доаѓа во клучен момент, со цел да се задржи интензитетот и напредокот во заедничките напори за олеснување на трговијата со стоки и услуги во регионот. Истовремено, дел од активностите на проектот ќе бидат насочени кон реализација на македонските приоритети со ЦЕФТА претседателство, пред сè поголема интеграција на ЦЕФТА на пазарот на ЕУ.

Како што истакна Франциско Лопез-Менцеро, заменик шеф на единицата на Европската комисија, регионалната економска интеграција никогаш не била толку релевантна. Изградбата на заеднички регионален пазар, заснован на правилата на ЕУ, ќе биде клучен за напорите за социо-економско закрепнување. Ова е исто така добар начин регионот да се стави на радарот на глобалните компании кои бараат нови деловни можности. Олеснувањето на трговијата е клучна компонента за да се обезбеди непречен проток на трговија со стоки и услуги во регионот и да се поврзат другите пазари.

Проектот има интегриран пристап кон елиминирање на бариерите во трговијата и намалување на придружните трговски трошоци преку две специјално прилагодени компоненти на проектот, фокусирајќи се на олеснување на трговијата со стоки и поддршка на спроведувањето на клучните приоритети за трговија со услуги, со силна деловна активност и управувачки пристап.

Одржан е 20-от состанок на Поткомитетот за царина и правила на потекло, кој, како структурна единица на ЦЕФТА (Договор за слободна трговија за земјите од Централна Европа), тежнее да се обезбеди поедноставување и забрзување на царинските постапки.




Членовите на Поткомитетот – царинските администрации на ЦЕФТА страните се состануваат со цел да отворат расправа за примената на ревидираната Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила (PEM Convention[51]), како и да ги разгледаат можностите за проширување на кумулацијата на потекло со измени на договорите за слободна трговија со Европската унија, Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA[52]) и Турција. На состанокот се дискутираше и за последиците по кумулација на потекло како резултат на излегувањето на Обединетото Кралство од Европската унија, взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор, унапредени функции на Системот за Систематска електронска размена на податоци (Systematic Electronic Exchange od Data – SEED) и донесување на Одлука за размена на податоци во реално време. Останува посветеноста и во дефинирање на стратешките определби и делувања во домен на управување со ризик во следните четири години, спроведување на проектот за прекугранична електронска трговија, како и конкретни активности за заеднички регионален пазар. Во исцрпното продлабочено разгледување на постигнатиот напредок, тековните активности и предизвиците кои се пројавуваат и ќе претстојат во иднина, се презентираа и следните чекори за проширена примена на „зелените коридори“ кон границите на ЕУ.

Со состанокот претседаваше директор на Царинската управа. Во негово обраќање беа потенцирани заложбите за олеснување на трговијата, со осврт кон неодамнешната средба на лидерите од Западен Балкан, одржана на 10-ти ноември во Софија на Самиот за Западен Балкан, во рамки на иницијативата за Берлинскиот процес.



На оваа средба беше усвоена Декларација за заеднички регионален пазар, која го трасира патот за продлабочување на регионалната економска интеграција и одредува контури за идниот единствен пазар на ЕУ.

[51] PEM Convention - Regional Convention on pan-Euro-Mediterranean preferential rules of origin
[52] EFTA – European Free Trade Association.

Членките на ЦЕФТА оваа година со комбинирани активности ја одбележуваат „Неделата посветена на ЦЕФТА“. На конференцијата која се одржа на 17 декември се даде осврт на сите активности преземени за справување со предизвиците од пандемијата со Ковид-19, со цел намалување на неизвесноста и опаѓањето на економските активности.




Во текот на 2020 година, за време на претседавањето на Босна и Херцеговина со ЦЕФТА се сите членки вложија напори и projавија значителни иницијативи кои покажаа сериозни резултати во справување со кризата. На конференцијата уште еднаш беше истакнато значењето на зелените коридори кои беа воведени на иницијатива на Царинската управа на Република Северна Македонија и кои како навремено препознаена ефкасна мерка допринесоа за закрепнување и оживување на трговската размена. Директорот Танасоски во својот настап како панелист на првата панел дискусија посветена на „Регионална економска соработка: Пресвртница во справувањето на регионот со Ковид-19 и одредница за трајно економско закрепнување”, даде осврт на имплементацијата и значењето на „зелените коридори“ за регионот, како и можностите за понатамошно олеснување на трговијата на регионално ниво. Во своето обраќање директорот даде осврт и на придобивките наменети за економските оператори од спроведување на регионалната стратегија за управување со ризици. Што се однесува до регионот, амбициозни потфати претстојат и во блиска иднина, особено преку активностите што ќе бидат превземени во рамки на Акциониот план за Заеднички регионален пазар 2021-2024. Заедничкиот регионален пазар обезбедува многукратни придобивки, како што се конкурентност на цени; патување, студирање и водење бизнис во регионот на полесен начин и без бариери; зголемување на бројот на работни места; обезбедување интегриран пазар за 18 милиони луѓе кој ќе биде поконкурентен на сцената на ЕУ и на глобално ниво; обезбедување дополнителен раст за регионот. Конференцијата даде можности за размена на мислења за идниот развој на регионот и заклучоците кои ќе произлезат ќе бидат опфатени во следните работни програми на органите на ЦЕФТА.

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, преку видео-конференциска врска учествуваше на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија. Поткомитетот претставува највисок форум за дијалог и размена на искуство за постигнатиот напредок во областа на европските интеграции и усвојување на Acquis Communitaire.



Учесниците на состанокот го презентираа оствареният напредок кој нашата земја го има постигнато во однос на слободното движење на стоки, претпријатија и индустриска

политика, туризам, оданочување, царинска унија и трговски прашања. На состанокот беше констатирано добро ниво на усогласеност со царинското законодавство на ЕУ и развојот на ИТ системите. Од страна на Европската комисија беше високо оценета иницијативноста и проактивноста што Царинската управа ја покажа во однос на соработката со земјите од регионот и што, како претседавач со ЦЕФТА Поткомитетот за царина и потекло на стоки, ги воспостави Зелените коридори кои во време на пандемија обезбедија непречено движење на стоката во рамките на ЦЕФТА земјите. Приоритет на Царинската управа е проширувањето на овие коридори и кон земјите од ЕУ, со цел да се обезбеди понатамошно слободно движење на стоките. Позитивно е оценето и високото ниво на постигнатите олеснувања и поедноставувања во царисните постапки за економските оператори. Поздравен е напредокот и во делот на примената на Законот за акцизи, а особено е дадена позитивна оценка на постигнатата компјутеризација, односно целосната безхартиена постапка со овој вид на давачки, што овозможува целосно следење на процесот на движење на овие стоки според стандарите на ЕУ. Пофални зборови се добиени и за функционирањето и предвидениот развој на EXIM, кој функцинира согласно предвидените модели. Директорот на Царинската управа изрази благодарност за сеопфатната поддршка што Царинската управа континуирано ја добива и ги претстави новите приоритети на Царинската управа во однос на дигитализацијата на царинските постапки, односно воведувањето на целосно бесхартиен извоз, пилот проектот за воведување на бесхартиен увоз, почетокот на проектот за новиот Национален едношалтерски систем, изготвување на национален план за усогласување со Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за развој на дигиталните системи, како и започнување на новиот проект за прекугранична е-трговија во ЦЕФТА, што треба да ги олесни и забрза царинските постапки за прекугранична трговија во ЦЕФТА.

**Царинската управа – организатор и координатор на национално ниво на операцијата „Thunder 2020“**

Република Северна Македонија учествуваше во меѓународната операција „Thunder 2020“, организирана и координирана од СЦО и Интерпол, со главен фокус на борбата против криминалот со дивата флора и фауна и шумите. Царинската управа беше главен организатор и координатор на национално ниво со операцијата „Thunder 2020“, а во истата учествуваа Министерството за внатрешни работи и Шумската полиција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Шумската полиција и Министерството за внатрешни работи во рамките на операцијата реализираа вкупно 118 заплени на огревни дрва, од кои 91 од страна на Шумската полиција, 2 од страна на Министерството за внатрешни работи и 25 заплени во соработка на двете институции. Беа запленети вкупно околу 297 $m^3$ огревни дрва, од кои најмногу бука и даб, како и 13 товарни моторни возила, 23 патнички моторни возила, 4 трактори, 9 приколки, 7 запрежни коли, 18 коњски самари, 26 моторни пили, 1 рачна пила и 2 секири. Против вкупно 110 лица поведени се 21 кривична постапка и 89 прекршочни постапки поради напад на службени лица и незаконска сеча, транспорт или складирање на огревни дрва. СЦО и Интерпол оваа операција ја посочија како потврда за опасностите со кои секојдневно се соочуваат

припадниците на Шумската полиција и Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во борбата против нелегалната сеча на огревни дрва.

### VII.1.3. Царинска соработка

**Проект за реформа на царинското законодавство**

Во рамки на видео работилница, претставници на Царинската управа и на Министерството за финансии, заедно со колегите од австриската царина учествуваат на повеќедневна работилница за реформа на царинското законондавство. Работилницата се одржува во рамките на новиот твининг проект за „Подобрување на наплатата на приходи и подобрување на даночната и царинската политика", финансиран од страна на Европската Унија. Во рамки на проектот предвидена е изработка на нов Царински закон што ќе биде целосно усогласен со новиот Царински закон на Унијата, што се применува од 2016 година и кој треба да придонесе за понатамоишно забрзување и поедноставување на царинските постапки.

**Грант од Јужна Кореја за модерна дигитална Царинска управа**

Владата на Јужна Кореја, со грант средства од 700.000 евра, ќе го поддржи градењето на капацитетите на македонската Царинска управа, особено во делот на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови, како и анализа на ризик во е-трговија.



На 2 јуни 2020 година беше организиран состанок за отпочнување на проектот на кој присуствуваа Нина Ангеловска, министер за финансии, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, и делегација од Царинската управа на Јужна Кореја.Од особено значење е поддршката што Царинска управа ќе ја добие во доменот на е-трговијата, која во светски рамки бележи постојан раст и развој, особено со новонастанатите услови креирани од здравствената криза. Таквиот пристап директно влијае на растот на микро, малите и средни претпријатија во однос на поширок пристап до странските пазари, со намалување на влезните бариери и намалување на оперативните трошоци. Со размена на искуството на Царинската управа на Јужна Кореја во овој домен, ќе се придонесе за воспоставување на баланс помеѓу олеснета и забрзана испорака на пратките, но во исто време и зголемена наплата на буџетските приходи од овој вид на трговија.

Проектот „Консултација за модернизација на Царинската управа на Република Северна Македонија", поддржан од страна на царинската служба на Јужна Кореја, продолжи со континуирани активности. Активностите вклучија и посета од експерти од Јужна Кореја, реализирани состаноци со менаџментот и со релевантни организациони единици од Царинската управа, во делот на царинското работење и ИТ.



Овие работни состаноци беа во насока на воспоставување на Главен (Мастер) план по анализа на тековниот процес и ИТ-системот на Царинската управа и предлог на модел за развој. Компјутеризацијата и подобрувањето на царинските процеси ќе обезбедат подобри услуги за македонските претпријатија и пошироката јавност и ќе ја зголемат националната безбедност преку подобра контрола врз меѓународното движење на стока и патници. Во рамки на воспоставената соработка со Царинската служба на Јужна Кореја беа реализирани и обуки на повеќе актуелни теми: UNI-PASS – Систем за обработка на царински декларации, Анализа на податоци во база на податоци[53] и Управување со ризици, Поштенски сообраќај и презентација на тема „Нови технологии во царинската служба".

На 6 октомври 2020 година, во рамките на Проектот „Консултација за модернизација на Царинската управа на Република Северна Македонија", поддржан од страна на Царинска служба на Јужна Кореја се одржа видеоконференциски состанок меѓу двете страни на кој се разгледа напредокот на спроведувањето на проектот, се изнесоа препораки и се споделија корисни информации.



Целта на овој проект е зајакнување на Царинската управа на Република Северна Македонија преку модернизација на царината. Овој проект треба да ја зголеми конкурентноста на Република Северна Македонија подобрувајќи ја целокупната продуктивност на Царинската управа. Компјутеризацијата и подобрувањето на царинските процеси ќе обезбедат подобри услуги за македонските претпријатија и пошироката јавност и ќе ја зголемат националната безбедност преку подобра контрола врз меѓународното движење на стока и патници. Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа посочи дека изминативе пет месеци секојдневно многу колеги од Царинската управа заедно со колегите од Јужна Кореја учествуваа во низа работилници, студиски посети и разговори за подобро разбирање на царинските постапки во Кореја и во Република Северна Македонија со цел да се предложат најдобри решенија за подобрување и модернизација на царинското работење. Заради ова големо е задоволството да се добијат првобитните наоди и препораки од Извештајот за реформи на Царинската управа. Претставниците од Царината

[53] Data Warehouse Data Analysis

на Јужна Кореја на состанокот изразија желба и за идна соработка и поддршка на Царинската управа со предлог за нови проекти финансирани од нив, а согласно препораките од Извештајот. Царината на Јужна Кореја е широко позната по својот технолошки напредок и бројните награди на полето на електронските достигнувања и е долгогодишен соработник и поддржувач на Царинската управа на Република Северна Македонија.

Денес во просториите на Царинската управа се одржа завршен состанок помеѓу претставници од Царинската управа на Република Северна Македонија и претставниците од Јужна Кореја кои изминативе пет месеци заеднички работеа во рамките на Проектот „Модернизација на Царинската управа на Република Северна Македонија“, што беше финансиран од Владата на Јужна Кореја.



Претставниците од Царината на Јужна Кореја и покрај ограничувањата од пандемијата во период од два месеци престојуваа во Царинската управа и одржаа низа состаноци и посети со колеги од Царината и претставници на деловниот свет. Беа посетени најзначајните царински испостави, брзи пошти, пошта и шпедитерски компании. Препорака за следните чекори на реформа и модернизација е поголема употреба на дигиталните технологии во царинската постапка, широка употреба на системот на анализа на ризик, како и задолжително скенирање на сите мали пратки во поштенскиот и авио сообраќајот. Ваквите препораки наскоро ќе бидат објавени и презентирани пред јавноста. На состанокот уште еднаш беше потврдена посветеноста на двете царински служби и продолжување и продлабочување на понатамошната соработка.

**Директорот на Царинска управа на состанок со генералните директори на царинските управи од целиот свет**

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, заедно со други директори на царинските администрации учествуваше на Состанокот на генералните директори на Светската царинска организација (СЦО), кој што се одржа на 25 јуни 2020 година.




СЦО е глобален меѓународен признат центар на царинска експертиза и има водечка улога во развојот, промовирањето и спроведувањето на современи царински системи и процедури. Во услови на пандемијата со Ковид-19, состанокот се одржаа преку видео конференциска врска. На состанокот, по изнесените коментари на претседавачот на Советот и генерералниот секретар на СЦО, по скратена постапка беа прифатени

предложените измени на Хармонизираниот систем – верзија 2022, што беа одобрени од Комитетот за хармонизиран систем, беа одобрени препораките од 103-та седница на Комисијата за финансии, беше потврдено продолжувањето на мандатите за одредени раководни позиции на работните тела на Советот и беа прифатени номинациите за работните структури одговорни за прашања во домен на политика, ревизија и финансии.

### 137 Состанок на Советот на директори на царинските служби кои членуваат во Светската царинска организација

Во услови на пандемија со Ковид-19 кои наметнаа отстапување од првично планираните редовни состаноци, СЦО активно контактираше со царинските служби-членки и посветено продолжи со предвидените активности во насока на хармонизација на царинското работење на глобално ниво, со цел обезбедување на непречено функционирање на ланецот на снабдување како и унапредување на царинското работење преку користење на современи средства.



Во декември 2020 г. Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, зеде учество на вонредниот 137-ми виртуелен состанок на Советот на директори на царински служби на кој се разгледуваа прашања од повеќе теми и се определија насоки за идните активности.

Советот кој е највисоко тело за носење на одлуки на СЦО и кој се состанува еднаш годишно ќе бира директор на Управата за тарифа и трговија, претседавач на Советот, како и членови на повеќе тела на оваа светска организација. Се расправаше и за извештаите на различните комитети на СЦО кои подлежат на одобрување од страна на советот. Исто така ќе бидат дебатирани и прашања произлезени од состаноци на Комисијата за политика на СЦО.

### Успешно реализирана Третата меѓународна конференција за едношалтерски систем и размена на податоци во Западен Балкан

Царинската управа на Република Северна Македонија, во соработка со Економската комисија на Обединетите нации за Европа (UNECE[54]) и Светска Банка, на 27 и 28 октомври 2020 година беше домаќин на Третата годишна конференција за Едношалтерски систем за размена на податоци.



На конференцијата учество зедоа високи претставници од земјите од Западен Балкан и меѓународните организации кои помагаат во спроведувањето на олеснување на трговијата

[54] UNECE – The United Nations Economic Commission for Europe

на Западен Балкан (ОН, Светска Банка, ЦЕФТА и ЕУ). Конференцијата е од особена важност за развојот на проектот на нов едношалтерски систем („Single Window“) за издавање на дозволи и одобренија при увоз или извоз на стоки, што минатиот месец го започнаа Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Србија, и кој треба да придонесе за подобрување на деловната клима и побрзиот проток на стоки преку границите. Земјите од Западен Балкан уште еднаш ја потврдија волјата за продлабочување на меѓусебната соработка за постигнување на целта – имплементацијата на новиот едношалтерски систем. На конференцијата беше дадена поддршка и признание на земјите од Западен Балкан за придвижување кон европската интеграција и приближување кон стандардите за дигитална размена на информации, во врска со справувањето со последиците од пандемијата со Ковид-19 врз трговијата и транспортот. Од страна на Европската комисија на ЕУ беше презентирана новата законодавна рамка за „Single Window“ која ќе влијае при изготвувањето на нацрт-планот за новиот едношалтерски систем во Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Србија. Моделите на податоци на UN/CEFACT[55] и царинските податоци на ЕУ ќе бидат сериозно земени предвид при развојот на SEED+.

**Директорот на Царинската управа – дел од состанокот на министрите за економија на Берлински процес за Западен Балкан**

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа учествуваше на завршната конференција на заедничкото претседавање на Република Северна Македонија и Република Бугарија со Берлинскиот процес за Западен Балкан, која се одржа онлајн на 5 ноември 2020 година.



На состанокот присуствуваа министрите за економија на земјите од регионот, високи владини претставници и претставници на ЕУ. Тема на состанокот беше презентирање на постигнатите резултати во рамките на Повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област и разгледување на новите иницијативи за заедничка соработка помеѓу државите од Западен Балкан, со посебен акцент во делот на прекугранична е-трговија. Во своето обраќање директорот на Царинската управа истакна дека е-трговијата е една од главните теми во рамките на Поткомитетот за царина и потекло на ЦЕФТА, со кој оваа година претседава Царинската управа. Царинската управа на Република Северна Македонија, како водечка институција и лидер во дигитализацијата, учествува во новиот проект за е-трговија во регионот на ЦЕФТА, поддржан од ГИЗ[56] и владата на Република Германија. Главна цел на овој проект е олеснување на прекуграничната е-трговија, со активно вклучување на малите и средните претпријатија, при што се подобруваат условите

[55] UN/CEFACT – The United Nations Centre for Trade Facilitation and Electronic Business
[56] GIZ – Gesellschaftfür Internationale Zusammenarbei

за трговски трансакции помеѓу компаниите, но и кон крајните потрошувачи. Со подршка на ГИЗ досега се реализирани повеќе клучни активности во регионот на ЦЕФТА, како што се взаемно признавање на програмите за овластен економски оператор, спроведување на регионалната Стратегија за управување со ризик на ЦЕФТА 2020-2024, како и реализација на новите приоритети на Заедничкиот регионален пазар. Подобрувањето на регулаторната и законска рамка со цел хармонизација на законодавството и приближување кон ЕУ, како и олеснувањето на дијалогот помеѓу ЦЕФТА страните, е континуиран процес и приоритет на Царинската управа. Со тоа се постигнува намалување на трошоците за е-трговија, забрзување на царинските постапки и поефикасни контроли, со цел олеснување на трговијата. Во Република Северна Македонија е-трговијата бележи пораст во 2020 година и тој тренд се очекува да продолжи, како кај нас така и во земјите од регионот.

Директорот истакна дека посветеноста кон подобрување на е-трговијата во ЦЕФТА регионот е еден од главните приоритети на претстојното претседателсво на Република Северна Македонија со сите ЦЕФТА структури следната година, каде што освен Царината се вклучени сите владини институции и агенции.



**Шести годишен состанок и петти технички состанок на групата аеродроми на Југоисточна Европа**

Во ноември 2020 година во рамки на групата за соработка на аеродромите во Југоисточна Европа (CGSEEA) се одржаа шестиот годишен состанок и петтиот по ред техничкии состанок. CGSEEA е формирана по предлог на Групата Аеродроми на „Pompidou Group's Airports Group“ со цел да развива регионални активности кои би биле наменети за специфичните потреби на аеродромите во Југоисточна Европа. На состаноците присуствуваа претставници на царинските и полициските служби кои работат на аеродромите во Југоисточна Европа: Скопје, Љубљана, Загреб, Сараево, Белград, Будимпешта, Букурешт, Софија, Атина, Приштина, Тирана, Истанбул и Ларнака. Во текот на првата работна средба успешно беше реализиран 6-от Годишен состанок на кој главна тема на дискусија беа методите на оперативно споделување на податоци, новите трендови во криумчарење на недозволена дрога преку аеродромите, начини за справување со заедничките предизвици во регионот и резултатите од заедничката операција „DIADLOS III“. На завршниот дел од работната средба на 5-от Технички состанок, специјализиран тренер пред учесниците презентираше практични одговори за борба против трговијата со НПС (Нови психоактивни супстанции)[57] и други опасни материи. Беа споделени разузнавачки информации преку IONICS платформата која е елаборирана од страна на

[57] NPS – New psychoactive substances

Меѓународниот одбор за контрола на наркотици (INCB[58]), како и методи за подигање на свеста и безбедно справување со опиоиди и други опасни материи.

### VII.1.4. Меѓуинституционална соработка



На 17 септември во просториите на Царинската управа се одржа работен состанок меѓу претставници на Царинската управа и Секретаријатот за европски прашања. Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа и Никола Димитров, вицепремиер за европски прашања, изразија подготвеност за брза, ефикасна и интензивна меѓуинституционална соработка во периодот што следи.

На состанокот претставниците на двете институции договорија конкретни активности и чекори кои треба да се преземат во наредниот период, а се поврзани со официјалното отварање на претстојните поглавја со ЕУ и се од клучно значење за државата.



На 24-ти септември во просториите на Царинската управа се одржа презентација/обука на вработените од Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), за новиот модул развиен во рамките на ЕХИМ системот, кој ќе служи за евиденција на заболени лица од Ковид-19 и нивните контакти. Истиот е развиен согласно потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, а во тесна соработка со Царинската управа.

Точниот и навремен електронски внес на заболените лица и нивните контакти во EXIM системот од страна на ДСЗИ е од суштинско значење за Царинската управа и Министерството за внатрешни работи, бидејќи со тоа се овозможува надградба на системот РАВИО за автоматско следење и стопирање на лицата кои се обидуваат да излезат преку аеродромите од државата, а кои во случајот имаат решение за изолација.

Д-р Ирина Бухова Сотирова, директор на ДСЗИ изрази голема благодарност до Царинската управа за континуираната иницијативност за изнаоѓање на решенија и надминување на предизвиците од кризата со Ковид-19.

[58] INCB – The International Narcotics Control Board

На 14-ти јануари, на барање на дел од увозниците на половни возила, се одржа работен состанок во просториите на Царинската управа. На состанокот беа присутни претставници на увозниците кои дадоа забелешки од првичната примена на Законот за данок на моторни возила, кој стапи на сила од 1 јануари 2020 година.



Како една од главните дилеми која беше посочена на состанокот беше практичната примена на законските одредби и нејаснотиите со кои се соочуваат увозниците на половните возила при пресметката на новиот данок за моторни возила, како и зголемувањето на давачките за кои стравуваат дека ќе предизвикаат прекин во нивното работење.

Царинската управа е носител и координатор за воспоставување на новиот Национален едноѓалтерски систем на РСМ. За таа цел, директорот Ѓоко Танасоски, учествуваше на првата работна онлајн средба по повод почетокот на реализација на проектот за новиот Национален едношалтерски систем (National Single Window Blueprint Project for North Macedonia), во организација на канцеларијата на Меѓународната финансиска корпорација (IFC), дел од групацијата Светска Банка.



Царинската управа беше назначена за главен носител и координатор на проектот од страна на Владата на Република Северна Македонија, а преку воспоставувањето на новиот национален едношалтерски систем активно ќе соработува со други 11 државни органи и институции кои се дел од Едношалтерскиот систем EXIM и се надлежни во областа на прекуграничниот проток на стоки во издавањето на дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки. Со реализација на овој проект се очекува да се развие и имплементира комплетно нов Национален едношалтерски систем чии корисници ќе бидат Царинската управа, другите владини институции и бизнис заедницата. Целта е да се постигне олеснување и забрзување на прекуграничната трговија со интегрирање на сите постоечки ИТ системи во државава преку обезбедување на единствена точка – прозорец за користење на услугите, како и усогласување со регулативата и стандардите кои се применуваат во земјите членки на ЕУ. Директорот на Царинската управа појасни дека изработката на овој документ-блупринт е од огромно значење бидејќи во него треба да вгради визијата и архитектурата на новиот Национален едношалтерски систем, кој во следните неколку години ќе се развива и имплементира во рамките на компонентата за Олеснување на меѓугранична трговија на стоки од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен

Балкан[59], финансиран со заем од Светска банка. Истакна дека развојот и имплементацијата на овој систем е од национален интерес, а со неговото користење при олеснување на постапките за бизнис заедницата и обезбедување на поефикасни контроли ќе се постигне взаемен бенефит.

Со воведување на новиот национален едношалтерски систем ќе се придонесе за намалување на трошоците за трговските трансакции и олеснето спроведување на прекуграничните постапки, а за вклучените владини институции подобро управување и контрола, порационално искористување на ресурсите и поефикасна меѓународна трговска размена.



Системот ќе биде усогласен со меѓународнте стандарди за размена на податоци, како и со стандардите на Европската Унија.

### Одржан првиот состанок на Управувачкиот комитет на Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем – NSW

На 9 декември 2020 година, преку видео-конференциска врска се одржа првиот состанок на Управувачкиот комитет на проектот за развој и имплементација на новиот Национален едношалтерски систем (NSW), со кој претседаваше Фатмир Битиќи, вицепремиер за економски прашања, заедно со Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.



Во управниот комитет покрај нив учествуаат и директорите на сите иститутиции надлежни во прекуграничниот проток, како и претставници на бизнис секторот. Царинската управа е главен носител и координатор на активностите во овој проект, кој се реализира како компонента во рамките од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, финансиран со заем од Светска банка. Во рамките на активностите за изработка на блупринт, во тек е анализа на законите, тековната состојба и проблемите и изработка на новиот модел на NSW, нов бизнис процесен модел, функционална и техничка архитектура, како и детална техничка спецификација за развој и имплементација на системот, кои се реализираат заедно со консултантската куќа „KGH Customs Services". На состанокот беа презентирани и последните искуствата на најнапредните земји во светот во оваа област, како што се Сингапур, Шведска и Канада, кои се очекува содветно да бидат имплементирани и во нашата држава, односно да се развие и имплементира комплетен

[59] WBTTFP – Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project

Национален едношалтерски систем со кој ќе бидат задоволени потребите и барањата на сите државни институции надлежни за прекуграничниот проток на стоки и бизнис заедницата, а со цел понатамошно олеснување и забрзување на прекуграничната трговија и усогласување со регулативата и стандардите кои се применуваат во земјите членки на ЕУ. Преку изработка на соодветни интерфејси, во NSW се очекува да бидат соодветно интегрирани националните ИТ системи кои се користат во Царинската управа и другите државни институции, а кои опфаќаат бизнис процеси од прекуграничниот проток на стоки.

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа учествуваше на 5-от состанок на Националниот комитет за олеснување на трговијата. Овој Комитет претставува највисоко тело за олеснување на трговијата со кој претседава Министерството за економија во чиј состав се опфатени 22 институции (16 државни институции, 3 економски комори и 3 асоцијации за превоз и шпедиција).



На состанокот беше презентирана анализата од спроведеното анкетно истражување од страна на Стопанската комора на Македонија во врска со состојбата со царинските постапки во 2020 година, како и projавените проблеми при подготовка на Одлуката за форми на извоз и увоз. Презентиран беше и проектот „Blueprint – roadmap for a trade National Single Window" кој е во надлежност на Царинската управа. Се разговараше и во врска со активностите за подготовка на проектот за мерење и објавување на просечното време на пропуштање на стоките преку граница и во насока на активностите за примена на Спогодбата за меѓусебно признавање на уверенијата за „овластени економски оператори". По резултатите на истражувањето само 21% од компаниите користат поедноставени царински постапки, а 78% од нив потврдиле дека тоа им носи значителни економски погодности и намалување на трошоците. Директорот Танасоски истакна дека Царинската управа од 2021 година ќе започне со воведување на целосно безхартиена постапка во сите царински постапки. Членовите на Комитетот беа запознаени со новиот проект за е-трговија во ЦЕФТА, препораките што произлегоа од соработката со Царината на Кореја, напредокот во спроведувањето на целосно електронски постапки без документи во хартија како за извозните, така и за увозните постапки, новите транзициони правила за потекло и ревидирање на ПЕМ Конвенцијата, ревизија на сите договори за слободна трговија и БРЕГЗИТ. Исто така споделени беа и предлозите за менување на Законот за царинска тарифа и резултатите од македонското претседателство со Поткомитетот за царина и потекло на стоки на ЦЕФТА. Националниот комитет за олеснување на трговија инаку е оформен за да се олесни домашната координација во однос на примената на одредбите од Спогодбата за олеснување на трговијата, која е составен дел на СТО.

### Директорот на Царинска управа – гостин предавач на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип и Универзитетот „Мајка Тереза“ од Скопје

Со цел запознавање на студентите со новините кои Царинската управа ги воведува во работните процеси, директорот Ѓоко Танасоски, на 19.11.2020 година, одржа онлајн предавање за студенти од 3-та година на Економскиот факултет при Универзитетот “Гоце Делчев“ од Штип.



Предавањата кои се одржуваат на студентите од високообразовни институции се дел од заедничките активности пропишани во меморандумите за соработка преку кои се одржува симбиозата од науката и праксата. Споделувањето на информации за начинот на работа и процесот на модерницазија претставува уште еден доказ за транспарентниот начин на работа на Царинската управа.

Со цел запознавање на студентите со новините кои Царинската управа ги воведува во работните процеси, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, на 18.12.2021 година, одржа онлајн предавање за студенти од 3-та година на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип.




Предавањата кои се одржуваат на студентите од високообразовни институции се дел од заедничките активности пропишани во меморандумите за соработка преку кои се одржува симбиозата од науката и праксата. Споделувањето на информации за начинот на работа и процесот на модерницазија претставува уште еден доказ за транспарентниот начин на работа на Царинската управа.

### Работен состанок помеѓу Царинската управа и Министерството за транспорт и врски

Царинската управа, како учесник во Проектот за олеснување на трговијата и транспортот за Западен Балкан, кој е финансиран со заем од Светска Банка, а се реализира преку Проектната единица во рамките на Министерството за транспорт и врски, преку видео-конференциска врска одржа работен состанок.



Тема на состанокот беше „Реконструкција на граничните премини Ќафасан и Деве Баир” и “Набавка на Нов Национален едношалтерски систем – NSW“.На работната средба присутни беа Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, заедно со Благој Бочварски, министер во Министерството за транспорт и врски, и претставници од Проектната единица на Светска Банка во МТВ кои се вклучени во проектот за олеснување на трговијата и транспортот за Западен Балкан. По разгледување на темите, од страна на присутните, беше заклучено дека веќе е отпочнато активно да се работи на реализација на проектите и е задржана динамиката согласно предвидувањата.

## Учество на јавна расправа на тема „Стратегија за реформа на даночниот систем 2021-2024“

На 16 декември 2020 година преку онлајн платформа Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа и претставници од институцијата учествуваа на јавната расправа на тема „Стратегија за реформа на даночниот систем 2021-2024“, во организација на Министерството за финансии.




Изготвувањето на оваа стратегија произлегува од активноста која започна во 2018 година, во која учествуваа засегнатите домашни институции, како и меѓународни партнери. Таа го следи стратегискиот пристап кон креирање на политики усвоени од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, согласно Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021 година. Институците на Република Северна Македонија кои придонесоа за изготвување на Стратегијата и ќе бидат вклучени во нејзината имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Управата за финансиско разузнавање и Управата за финансиска полиција. Главна цел на стратегијата е да овозможи институциите и органите на Република Северна Македонија, чиј делокруг на работа е поврзан со даноците, координирано, ефикасно и ефективно да ги остваруваат своите надлежности и да креираат и имплементираат даночна политика во насока на инклузивен и одржлив економски раст. Стратегијата има за цел да ги адресира проблемите како сивата економија, економската нееднаквост, тешкотиите во собирањето на јавни приходи, подобрување на услугите на даночните обврзници, софистицираните техники за избегнување данок, затајување на данок, како и зголемувањето на ризиците врз животната средина. Стратегијата содржи пет приоритети за креаторите на даночната политика и органите кои ги администрираат јавните приходи во периодот 2020-2023 година, заедно со нивните клучни активности, резултати, одговорни субјекти и клучни индикатори за учинок, како што се: поголема праведност во оданочувањето (Приоритет 1), поголема ефикасност и продуктивност на даночниот систем за подобра наплата на приходите (Приоритет 2), зголемена даночна транспарентност (Приоритет 3), подобар квалитет на услугите (Приоритет 4) и воведување

зелено-еколошко оданочување (Приоритет 5). Договорено е, врз основа на приоритетите, мерките и активностите дефинирани во стратегијата, да се изготвуваат годишни акциски планови во кои подетално ќе бидат разработени сите чекори за спроведување на активностите од соодветната година. Овие акциски планови ќе бидат подготвени од работната група за Стратегија за реформа на даночниот систем. Акцискиот план ќе биде објавуван до крајот на првото тромесечје секоја година. Напредокот по акцискиот план секоја година ќе биде оценуван, пред објавување на акцискиот план за следната година. Транспарентноста на целиот процес останува приоритет на Владата, бидејќи само преку отчетност и транспарентност во системот на јавни финансии може да се достигне максималниот учинок.

## VII.1.5. Соработка со бизнис заедницата

### Средба со производителите од прехранбената индустрија

Во Министерството за економија, на 19 март, се одржа средба помеѓу Кресник Бектеши, министер за економија, Нина Ангеловска, министер за финансии, Ѓоко Танасоски, директор на Царинска управа, Стојко Пауновски, директор на Државен пазарен инспекторат и производителите од прехранбената индустрија.



На средбата отворено се разговараше за новонастанатата ситуација и се констатираше дека сите производствени капацитети се подготвени за наредните месеци да се обезбедат доволни залихи на храна. Директорот на Царинската управа објасни како ќе се одвива протокот на стока во претстојниот период, за да се овозможи проток не само во ЦЕФТА регионот, туку и во внатрешноста на Европската Унија. Царинската управа, Министерството за внатрешни работи и сите засегнати други институции постојано остваруваат контакт со директорите на царинските управи на ЦЕФТА регионот, но и со сите надлежни институции во Европската Унија.

### Средба на Стопанска комора со Царинска управа

Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, на 19 март 2020 година, присуствуваше на средба со најголемите извозници од државата кои се директно засеганати од новонастаната ситуација во врска со вирусот Ковид-19, која се одржа во просториите на Стопанската комора. Сите присутни ги изнесоа своите мислења и дадоа препораки со цел да се дојде до олеснување при царинењето на стоки. Директорот на Царинската управа истакна дека е од голема важност да се таргетираат сите проблеми кои деловната заедница ќе ги посочи и да се изнајдат соодветни мерки кои ќе бидат пласирани до сите засегнати институции, со цел да се направи долгорочен план за истите. Беше кажано дека веќе се работи на тоа да се обезбеди „Зелен коридор" кој треба да биде спроведен и низ

земјите во Европската Унија, првично за медицинска опрема, медицински материјали, прехранбени производи, репроматеријали и сл.

### Состанок со бизнис заедницата - проекти што претстојат

Во насока на зајакнување на соработката со деловната заедница, што е клучен фактор за градење на доверба, промовирање на доброто владеење и забрзувањето и поедноставувањето на царинските постапки, на 26 јуни се одржа „on-line" состанок на Советодавното тело при Царинската управа.



На состанокот претставниците на стопанските комори беа информирани за понатамошниот развој на системот на дигитална царина и е-царина. Посебен акцент се стави на надградбата и подобрувањето на СОЦДАД, за што неопходна е поддршка и од бизнис заедницата. За таа цел формирана е работна група во која учествуваат претставници на економските оператори кои се директно вклучени во царинското работење. Поврзано со ова, неопходен е и развој на нов едношалтерски систем – EXIM.

Се споделија информации и за пилот-проектот за воведување на сателитско мерење на времето на минување на граничните премини, „Twining" проектот за реформа на царинското законодавство, Проектот за „pre-arrival" информации во е-трговијата за мали пратки со корејската царинска администрација, македонското претседавање со ЦЕФТА Поткомитетот за царина и потекло на стоки и следните планови за натамошна модернизација и дигитализација на работењето на Царинската управа.

### Директорот на Царинската управа учествуваше на промоцијата на документот „За посилна македонска економија во периодот на пост-Ковид-19"

На 14 декември, во организација на Стопанската комора на Македонија, а во насока на продолжување на промоцијата на работниот материјал под мотото „За посилна македонска економија во периодот на пост-Ковид-19" на граничниот премин Табановце се одржа прес-конференција на тема „Приоритетни чекори за поттикнување на економската активност и раст на извозот".



На конференцијата учество зеде и Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, кој во своето излагање пред медиумите истакна дека економијата во моментот е соочена со сериозни предизвици поврзани со здравствената криза, а Царинската управа како докажан партнер на деловната заедницата во текот на целата измината година вложи напори да го

олесни извозот на економските оператори и да овозможи непречен транзит на стоките. Посочи неколку клучни податоци за наворешно-трговската размена во првите 11 месеци од оваа година. Според податоците со кои располага Царинската управа, вкупниот увоз во првите 11 месеци од 2020 година е помал за 7% во однос на истиот период минатата година, додека намалувањето на извозот е помало за 11%. Споредено со исклучителната лоша економска состојба во светот, предизвикана од глобалната пандемија, ова се солидни резултати, за што се вложени исклучителни напори од Владата на Република Северна Македонија и Царинската управа. Во оваа криза, поддршката на извозните компании беше и е најголем приоритет на Царинската управа, со цел максимално да се поддржи стопанството, а со тоа и да се намалат последиците по македонската економија.




На крај директорот пред присутните го искажа своето задоволство од досегашната соработка со Стопанската комора на Македонија, резултатите од спроведените реформи преку кои е потврдена посветеноста и ентузијазмот на Царинската управа, во насока на исполнување на очекувањата и потребите на сите корисници на нашите услуги.

Секојдневните предизвици со кои се соочуваат директните учесници во царинските постапки во текот на своето работење се мотив да се продолжи со партнерскиот однос со бизнис заедницата, да се работи на уште поголемо зголемување на довербата помеѓу Царината и учесниците во царинската постапка, на развивање на стратегии, процедури и методи за олеснување на протокот на трговијата и преземање на мерки во согласност со важечките законски прописи во Република Северна Македонија, согласно легитимните потреби на деловната заедницата.

### Директорот на Царинска управа на традиционална средба со превозниците



Традиционалната средба со превозниците, која се одржа во Скопје, помина во фокусот на предизвиците и последиците од пандемијата со Ковид-19. Во овој исклучително предизвикувачки период, кога светот живее со пандемија на коронавирусот, финансиски потешкотии за многу компании и граѓани и големи промени во дневните рутини на сите граѓани, Царинската управа има исклучително сложена и одговорна функција.

Во своето обраќање директорот на Царинската управа ја истакна важноста и на меѓусебната соработка со сите органи и Министерства во Владата на Република Северна Македонија, каде се направија исклучителни напори за одржување на економската активност со цел границите во регионот да останат отворени во време на корона кризата. Како резултат на овие координирани активности, на иницијатива на Царинската управа

како претседавач со Поткомитетот за царина и правила на потекло во рамките на ЦЕФТА, на 14 април 2020 година се воведоа т.н. „зелени коридори“, со што се обезбеди непрекинато движење на стоките и транспортните стоки 24 часа, 7 дена во неделата во рамки на ЦЕФТА страните, без оглед на воведените карантини и целосното затворање на државите. Овие зелени коридори, заедно со приоритетните листи на стоки за брзо минување преку границите, пред сѐ лекови, прехранбени и земјоделски производи, како и размена на инфомации со граничните агенции преку СЕЕД системот на ЦЕФТА, овозможија одржување на виталност на економиите на ЦЕФТА страните и непрекинатост во меѓународните синџири на снабдување.

**Директорот на Царинската управа го отвори вториот ден од третата годишна конференцијата за е-трговија во Скопје**




Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, официјално го отвори вториот ден на конференцијата за е-трговијата. Во своето обраќање истака дека според најновите податоци во првите шест месеци од 2020 година, е-трговијата во нашата земја бележи раст од 36%. Посочи дека, како дел од приоритетите на македонското претседателство со ЦЕФТА поткомитетот за царина и правила за потекло во 2020 година, е-трговијата е многу добро прифатена и поддржана од сите страни на ЦЕФТА, особено од Европската комисија и членките на ЕУ.

Акцентот беше ставен на прекуграничната е-трговија и на заедничкиот регионален пазар, со што на нашата земја ќе ѝ биде отварен патот кон продлабочување на регионалната економска интеграција и ЕУ пазарот во иднина. При спроведувањето на новиот Акционен план, во е-трговијата ќе следи усогласување и подобрување на регулаторната и законска рамка, со цел хармонизација на законодавството и приближување кон ЕУ.

**Работна посета на компании и локални самоуправи**



На 18 февруари 2020 година Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, оствари посета на фабриката за автомобилски делови „Теламон“, која произведува машини за спојување, автоматски машини за сечење кабли, ленти, машини за пресекување и затворање. Се работи за една од најголемите компании во САД, со седиште за Европа во Република Северна Македонија, отворено во 2018 година.

Директорот на Царинската управа изрази задоволство од тековното работење на компанијата и од напредокот на реализацијата на инвестицијата, притоа порачувајќи дека Владата на Република Северна Македонија е одлучна и посветена во реализирањето на економските политики кои создаваат подобра и атрактивна бизнис клима, како за домашните, така и за странските компании. Се разговараше за понатамошно поедноставување на царинските постапки и почетокот на примена на локалното царинење во кругот на фабриката.

Директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски, на 06.02.2020 година оствари работна посета на Општина Делчево, град на граница со земја членка на ЕУ, со цел да ги запознае стопанствениците со новините во царинското работење кои се насочени кон олеснување на прекуграничното движење на луѓе и стоки. Во рамки на посетата директорот имаше работна среба со Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево.



Директорот ги посети компанииите „Крзно ДООЕЛ“, компанија за производство на работна облека и „Алпи Ком“, компанија која се занимава со производство на фурнир и мелени елементи од фурнир. Се изврши презентација на работните производствени процеси и се разговараше за тековните состојби и бизнис климата во државата. Беа изнесени и идните проекти на Царинската управа кои водат кон дигитализација, не само на Царинската управа, туку и на сите институции кои се вклучени во царинските и гранични процедури. Сите овие проекти се наменети, пред сѐ, за подобрување на бизнис климата и воопшто олеснување на работата на компаниите, но и за елиминирање на корупцијата, која секако драстично ќе се намали со самото елиминирање на човечкиот фактор во процесите.

Во рамките на своите редовни активности за интензивирање на контактите со бизнис секторот во Република Северна Македонија, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, на 3 декември 2020 година оствари работна посета на компании во Штип.



„Техникал Текстајл“ е компанија која произведува фиберглас мрежа за изолациони системи и фасади, како и градежни додатоци (ПВЦ, алуминиум или армирано мрежести агли, фиберглас ленти или дилатациони профили од различни видови) и во моментов вработува околу 150 лица од регионот.

„Гранд Текс ЛТД“ е текстилна компанија основана во 2007 година, специјализирана за производство на машки кошули. Вкупниот број на вработени е 200, а капацитет за

испорака на фирмата е од 30.000 до 35.000 кошули месечно, наменети за скандинавскиот пазар.

„Биорејсер – М" е високо специјализирана компанија за производство на професионална опрема за велосипедизам, триатлон и атлетичарски спортови. Фирмата е основана во 2017 година. Компанијата исклучително произведува за брендот „Bioracer" од Белгија, кој влегува со 50% во сопственишвото на компанијата. Во моментов има 125 вработени, а производствениот капацитет изнесува од 20.000 до 25.000 парчиња месечно кои се извезуваат на сите континенти.

Целта на посетата беше запознавање со работните процеси на компаниите, а се дискутираше и за тековните состојби и бизнис климата во државата. Претставниците од компаниите беа запознаени со тековните и идните проекти на Царинската управа кои водат кон дигитализација и се наменети за подобрување на бизнис климата и воопшто олеснување на работата на компаниите, но и за елиминирање на корупцијата која драстично ќе се намали со самото елиминирање на човечкиот фактор во процесите.

Со цел подобра реализација на економските политики и создавање на подобра и атрактивна бизнис клима, Ѓоко Танасоски, директор на Царинска управа, заедно со Фатмир Битиќи, вицепремиер задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, и Константин Георгиески, градоначалник на Општина Охрид, на 06.12.2020 година оствари работни посети на компаниите „АСП-ПАК", „ЛТХ – Леарница" и „Костал" од Охрид



Со трите компании Владата има потпишано договори за државна помош, како поддршка за планираното проширување на производството, модернизирање и дигитализирање, проширување на асортиманот на производи, како и отварање на нови работни места и освојување на нови пазари. Целта на посетата на компаниите беше запознавање со нивните работни процеси, запознавање на претставниците на компаниите со идните проекти на Владата и Царинската управа, како и можностите на примена на поедноставени царински постапки.

Претставниците од компаниите се запознаа и со тековните и идните проекти на Царинската управа кои водат кон дигитализација и се наменети за олеснување на работата на компаниите, но и за елиминирање на корупцијата која драстично се намалува со самото елиминирање на човечкиот фактор во процесите.



На средбите се дискутираше е и за тековните состојби и бизнис климата во државата, со предлози за нејзино подобрување. Беше посочено дека државата останува партнер на компаниите и ќе продолжи со поддршка со цел стимулација на нивниот раст и развој.

### VII.1.6. Општествена одговорност

**Царинската управа со свој хуманитарен придонес за старите и изнемоштени лица**

По повод 14 Април – Денот на Царинската управа, сите вработени несебично донираа средства како дел од хуманитарната акција која се спроведува секоја година. Пандемијата со Корона вирусот драстично го промени начинот на функционирање на секојдневниот живот. Царинските службеници не заборавија на солидарноста и останаа доследни на хуманитарното делување.




Во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија, со собраните парични средства (111.400,00 денари) се донираа 50 пакети со прехранбени производи за старите и изнемоштени лица.



## VII.2. Отворена царинска телефонска линија (197)

На отворената царинска телефонска линија (197) во 2020 година добиени се вкупно 5.021 повик или во просек 14 повици на ден и тоа: „А“[60]класа – 18 повици, „Б“[61] класа – 13 повици, „C“[62] класа – 260 повици и „Ј“[63]класа – 61 повик. Најголем број се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на одделни царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните

[60] „А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.
[61] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа.
[62] „C“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
[63] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.

тимови, а надлежните служби извршија обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

| ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ЛИНИЈА 197 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на повици | 2019 | | | | | 2020 | | | | |
| | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
| Класа А | 0 | 5 | 3 | 4 | 12 | 2 | 5 | 2 | 9 | 18 |
| Класа Б | 6 | 13 | 14 | 7 | 40 | 5 | 0 | 1 | 7 | 13 |
| Класа Ц | 90 | 93 | 319 | 186 | 688 | 115 | 78 | 31 | 36 | 260 |
| Класа Ј | 16 | 5 | 8 | 6 | 35 | 30 | 14 | 11 | 6 | 61 |
| Останато | 909 | 1.288 | 1.535 | 1.249 | 4.981 | 1.242 | 992 | 1.558 | 877 | 4.669 |
| **Вкупно:** | **1.021** | **1.404** | **1.879** | **1.452** | **5.756** | **1.394** | **1.089** | **1.603** | **935** | **5.021** |